# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА
# ПРОБИШТИП

Број 12/2025 15.12.2025 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуват актите од 3-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 09.12.2025 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Констатација за оставка на Благој Миновски од член на Советот на Општина Пробиштип бр. 26-1101/3
2. Решение за формирање на Верификациона Комисија бр.26-1101/4
3. Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Пробиштип бр.26-1101/5;
4. Програма за работа на Одделението за инспекциски работи на општина Пробиштип за 2026 година бр. 26-1101/6;
5. Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/7;
6. Програма за управување со отпад на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/8;
7. План за енергетска ефикасност на општина Пробиштип за 2026 година 26-1101/9;
8. Програма за урбанистичко планирање за 2026 година бр. 26-1101/10;
9. Програма од областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/11;
10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/12;
11. Програма за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2026 година бр.26-1101/13;
12. Програма за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини и расчистување на јавни површини во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/14;
13. Програма за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за 2026 година бр.26-1101/15;

14. Програма за изградба и одржување на улично осветлување за 2026 година бр.26-1101/16;
15. Програма за извршување на јавни работи во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/17
16. Програма на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година бр.26-1101/18;
17. Подпрограма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА) бр.26-1101/18-1;
18. Програма за спроведување на активностите на спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2026 година бр.26-1101/19;
19. Програма за активности на општина Пробиштип во областа на заштита и спасување и ревитализација по елиминирање на кризи за 2026 година бр.26-1101/20;
20. Тековно оперативна програма за Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/21;
21. Програма за социјална заштита на Општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/22;
22. Годишна програма за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2026 година бр.26-1101/23;
23. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОСБСП за 2026 година бр.0201-112 од 28.11.2026 година бр26-1101/24;
24. Програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/25;
25. Програма за Локален Економски развој на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/26;
26. Програма за одбележување на манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/27;
27. Програма за работа на Одделението за поддршка на Градоначалникот за 2026 година бр.26-1101/28;
28. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2025 година бр.26-1101/29.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-1101/30<br>15.12.2025 година<br>Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ГРАДОНАЧАЛНИК,<br>Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), Советот на Општина Пробиштип на седницата

одржана на ден 09.12.2025 година, расправајки по поднесената оставка од член на Советот на Општина Пробиштип Благој Миновски бр.26-1074/1 од 25.11.2025 година

КОНСТАТИРА

Мандатот на Благој Миновски член на Советот на Општина Пробиштип престанува пред истекот на мандатот заради неспивост на функциите согласно член 44 став 4 од Законот за спречивање на корупција и судир на интереси.

Мандатот престанува со денот на одржување на седницата, односно на ден 09.12.2025 година.

**Број 26-1101/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 7 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 5/2005, 23/2019 и 42/2020) Советот на општина Пробиштип на првата конститутивна седница одржана на ден 09.12.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Верификациона Комисија**

1. Се формира Верификациона Комисија која има за задача да изврши увид во Известувањето од Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на советот за нивниот избор, да го утврди нивниот идентитет и да поднесе извештај до советот со предлог за верификација.

2. За претседател и членови на Верификационата Комисија се избираат:
   -Александра Наунова за претседател
   -Драгана Анастасова Митев за член
   -Весна Ристовска за член

3. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1101/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

_

Врз основа на членовите 10, 11, 12, 13 и 14 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на седница на Советот одржана на ден 09.12.2025 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За верификација на мандат на член на Советот**
**на општина Пробиштип**

1. Се верификуваат мандатот на Владимир Постолов како член на Советот на Општина Пробиштип.

2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1101/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 33 од Законот за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 102/2019) Советот на општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Одделението за инспекциски работи на**
**општина Пробиштип за 2026 година**

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во согласност со Програмата за работа на Советот на општина Пробиштип за 2026 година и согласно Законот за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 102/2019) ја презентираме Годишната програма за работа на Одделението за инспекциски работи на општина Пробиштип во врска со извршувањето на инспекциските работи од надлежност на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2026 заклучно со 31.12.2026 година.

Во Програмата презентирани се активностите на Одделението за инспекциски работи на општина Пробиштип кои ќе бидат преземени со цел исполнување на законската рамка за вршење на инспекциски надзор во сите области од надлежност на општина Пробиштип, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополнувања.

Програмата за работа на Одделението е дадена според надлежностите на соодветните инспектори и потребните услови за исполнување на истата, во согласност со потребите и согледувањата од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите предвидени се во Буџетот на општина Пробиштип за 2026 година во Програмата ЕО.

Според начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши **превентивна функција,** а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор.

Инспекторите вршат надзор во согласност со законските прописи со кои се регулирани прашањата од сферата на: градежништвото и урбанизмот, комунална дејност, заштитата на животната средина, патен сообраќај и патишта, даноци и такси и угостителство и туризам.

## ОПШТИ ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Според член 79 од Законот за инспекциски надзор, при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот ги има следните права:

(1) Инспекторот има право да врши инспекциски надзор над субјектите на инспекциски надзор, во секое време и на лице место, во деловните простории, инсталациите и други објекти што не се користат како живеалиште, како и над средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од соодветен орган на државната управа е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат.

(2) Инспекторот при вршењето инспекциски надзор, има право:

1) **на пристап онаму каде што смета дека е неопходно и во секое време,** во простори и деловни простории, локации и транспортни средства и право непречено да ја разгледува целокупната потребна документација на субјектот на инспекцискиот надзор;

2) на пристап во технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или активностите на субјектот на инспекцискиот надзор;

3) да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочна или кривична постапка;

**4) да изврши увид во документ за идентификација на лицата овластени од субјектот на инспекциски надзор, други вработени или работно ангажирани лица во субјектот на инспекциски надзор, како и физички лица кои се затекнати на местото на инспекцискиот надзор;**
5) **да го фотографира и снима просторот** во кој се врши инспекцискиот надзор, како и предмети кои се предмет на инспекциски надзор;
6) да му изрече на субјектот на инспекциски надзор **опомена** или друга инспекциска мерка и рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, согласно со овој или друг Закон;
7) да го надгледува спроведувањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците, во рокот што го определил;
8) **да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка** против субјектот на инспекциски надзор до надлежен орган, кој пак е должен за својата одлука да го извести инспекторот.
(3) **Инспекторот има право и обврска да го предупреди или отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.**
(4) Во случај кога при вршењето на инспекциски надзор, инспекторот ќе утврди прекршување на закон или друг пропис или акт кој е во надлежност на друга инспекциска служба, самиот ја утврдува фактичката состојба и изготвува извештај за неговите наоди кој го доставува до надлежната инспекциска служба.
За реализација на Програмата ќе биде изготвен Годишен извештај.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ

При одредување на приоритети за инспекциски надзор за секој инспектор се прави анализа на ризик т.е. секој инспекциски надзор се заснова на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низок, среден и висок. Доколку при реализацијата на Програмата за работа на Одделението за инспекциски работи се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, истите ќе се земат во предвид при подготвувањето на извештаите за работа на инспекторите. При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.
При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животната средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор.
Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторување по претходно утврдена состојба.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ

Одделението за инспекциски работи според Систематизацијата на работни места во општина Пробиштип е организирано на тој начин што во моментот со него раководи Секретарот на општина

Пробиштип, до назначување на Раководител на одделението, а се вработени 4 (четири) инспектори и 1 комунален редар.

Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во својата работа ги покрива следните области во поглед на вршење инспекциски надзор:

1. **ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА;**
2. **КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА СО КОМУНАЛЕН РЕДАР;**
3. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА;**
4. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА;**
5. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ;**
6. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ.**

**ОПШТИНСКИ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)**

Работните активности на општинскиот градежен инспектор во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните закони:

- Законот за градење ("Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и "Службен весник на РСМ", бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25);
- Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ", бр. 102/19, 272/24 и 22/25);
- Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 124/15).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

**Вид и обем на работите:** Општинскиот градежен инспектор врши инспекциски надзор над **градби од втора категорија,** како што се: градби наменети за основно и средно образование, градби од областа на културата, градби за потребите на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, индустриски и зелени зони основани од општините, општините во градот Скопје и градбите во овие зони, градби наменети за примарна и секундарна заштита, градби за потребите на верските заедници, индустриски градби, стопански градби, деловни градби, станбено-деловни градби, градби за индивидуално домување, градби за индивидуално домување предвидени со урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес, викенд куќи, градби за колективно домување, градби за потребите на агроберзи, трговски центри, хотели, рекреативни центри, градби за научно-истражувачката дејност, катни гаражи, пазари, општински патишта, придружно услужни објекти на општински патишта и улици утврдени со закон, електронски комуникациски мрежи и средства, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет до 1 MW, фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, ветерници, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори биогориво, биомаса, ветерна, сончева, геотермална енергија и хидроенергија со капацитет до 1 MW, далноводи со напонско ниво до 35 KW, трафостаници со напонско ниво до 35 KW, складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1.000 тони, секундарна гасоводна мрежа, секундарна топловодна мрежа, трамвајски пруги, градби за противпожарна заштита, градби за ветеринарна заштита, детски градинки, градби во подрачје на национални паркови и парк шуми, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни

бази, локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување, градби кои се во функција на заштита и промоција на природното наследство (информативни центри), депонии за инертен отпад (градежен шут) и депонии за неопасен отпад, рудници и градби за потребите на рудници, автокампови и градби за потребите на автокампови, објекти за складирање, третман и/или преработка на отпад, меѓуградски автобуски станици, зоолошки градини, стадиони и спортски сали со капацитет под 10.000 гледачи, системи за наводнување и одводнување, базени на ниво на теренот за јавна употреба, јавни паркови, јавни паркиралишта и ски-лифтови. (член 3 од Закон за градење ("Службен весник на РМ", бр. 149/14)).

Општинскиот градежен инспектор во рамките на своите надлежности има право и обврска да врши инспекциски надзор:

- **во текот на изградбата на објектите и тоа:**

✓ по известување за почеток на градба од странка кое што странката е должна да го достави до општинскиот градежен инспектор и/или

✓ по службена должност

- **при изградба на објект кога во него се врши** пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно

- **над управната постапка за издавање на одобренија за градење** од страна на општина Пробиштип

Според начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши **превентивна функција,** а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор

**Активности на општински градежен инспектор:**

-контрола врз градбата на градежните објекти од втора категорија на градби, на самото место и утврдување на податоци и докази за градбата со кои се утврдува дали истата се гради согласно добиено одобрение од надлежен орган, а врз основа на што се донесува одлука за потребата за водење на управна постапка или не. Истото се прави со записник од извршен инспекциски надзор;

-контрола на градбите за кои што е донесено решение за изведба на објекти за кои не е потребно одобрение за градење;

-канцелариско работење на предмети за кои е започната управна постапка поради утврдени неправилности во градбата на објектот;

-прием на лица и странки кои имаат потреба за запознавање на Законот за градење и начинот како да ги задоволат барањата на законите кои ја регулираат градбата на еден објект односно нивно едуцирање;

-прием на документација во вид на пријава, барање за инспекциски надзор;

-одговарање на дописи и претставки, препраќање документација до други органи, преписка со други органи, изготвување информации, препраќање на жалби како и одговори до физички и правни лица кои бараат информации за текот на одредена управна постапка;

-контрола на постапките за издавање на одобренија за градење од страна на Одделението за урбанизам односно Градоначалникот на општина Пробиштип;

-доставување на актите донесени од страна на општински градежен инспектор до Градоначалникот на општина Пробиштип за нивно административно спроведување.

Во спроведување на инспекцискиот надзор, општинскиот градежен инспектор има право и должност да провери дали учесниците во градењето имаат овластувања и лиценци, како и да нареди отстранување на неправилностите, отстранување на оштетувањата, прекинување на изградбата, отстранување на изградбата, затворање на градилиштето, означување на градбата за опасна, како и да преземе други работи со цел да се спречи изградбата, ако градбата се изведува спротивно на Законот за градење.

**Финансиски средства:** За спроведување на оваа Програма, потребни се финансиски средства за извршување на донесените извршни инспекциски акти, односно за отстранување на бесправно изградени објекти како и за изработка на геодетски елаборати при утврдување на евентуални узурпации кон јавни површини. За извршените контроли се изготвуваат квартални извештаи и се објавуваат на веб-страницата на општината.

**Начин на извршување на работите:** Годишната програма ќе и овозможи на општина Пробиштип систематизирано спроведување на Законот за градење како и на Законот за инспекциски надзор. Подеднакво важно е да се информираат и да се едуцираат граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат од тоа на долг рок.

**Временски рокови за извршување на работите:** Периодот за реализација на оваа Програма е јануари-декември 2026 година.

Инспекциски надзор над градби од втора категорија врши еден општински градежен инспектор на цела територија на општина Пробиштип

## ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР И КОМУНАЛЕН РЕДАР

## ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

-Закон за јавната чистота (“Службен весник на РМ”, бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16);
-Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на РСМ”, бр.102/19);
-Закон за општа управна постапка (“Службен весник на РМ”, бр. 124/15);
-Закон за комунални дејности (“Службен весник на РМ”, бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и “Службен весник на РСМ”, бр. 302/20);
-Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (“Службен весник на РМ”, бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16);
-Закон за гробишта и погребални услуги (“Службен весник на РМ”, бр. 86/08, 156/10, 53/11, 38/12, 55/13, 163/13, 152/15 и 31/16 );
-Закон за урбано зеленило (“Службен весник на РМ”, бр. 11/18 и “Службен весник на РСМ”, 42/20);
-Одлука за комунален ред (“Службен гласник на општина Пробиштип”, бр. 46/12).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши општинскиот комунален инспектор и тоа:
-проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од страна на јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота;
-проверува дали се чисти снегот;
-проверува дали се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и на индивидуалните објекти за домување;
-проверува дали се обезбедени садови за фрлање на отпад во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли;
-организира отстранување на хаварисани возила од јавни површини;
-проверува дали при одржување на јавни манифестации е отстранет отпадот;
-контрола на одржувањето на речните корита;
-врши контрола над третманот на бездомни животни кои што се заловуваат од избран овластен постапувач и на чувањето на домажни животни и миленичиња;
-врши инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината;
-врши инспекциски надзор над одржувањето на водоснабдителните и канализационите системи во општината;
-врши инспекциски надзор над работењето на операторот за погребални услуги;
-ја контролира состојбата на зеленилото и на подигање и одржување на зелени површини;
-врши контрола на одржувањето на градскиот пазар од страна на давателот на услугата;
-врши контрола на неконтролирано оставање на отпад и на расчистувањето на дивите депонии;
-водење на инспекциски постапки;
-прием на странки.

За спроведување на оваа Програма и за спроведување на законите во надлежност на комуналниот инспектор, надзор врши еден општински комунален инспектор со лиценца.

## КОМУНАЛЕН РЕДАР (1 извршител)

Работните активности на општинските комунални редари во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на контроли над примена на следните законски прописи:
-Закон за јавната чистота (“Службен весник на РМ”, бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16);
-Закон за општа управна постапка (“Службен весник на РМ”, бр. 124/15);
-Одлука за комунален ред (“Службен гласник на општина Пробиштип”, бр. 46/12).

Од горенаведените закони и подзаконски акти произлегуваат работите кои ќе ги врши комуналниот редар во текот на 2026 година.

Контролата на одржувањето на јавната чистота во согласност со Законот за јавната чистота ја вршат двајца комунални редари на целата територија на општина Пробиштип.

За извршените контроли, комуналниот редар во координација со општинскиот комунален инспектор изготвува месечни извештаи кои се доставуваат до Секретарот на општината и годишен извештај, вклучен во извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи.
**Образложение:** Со програмата за работа на општинскиот комунален редар се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота со цел да се подобрат условите за живот на граѓаните на општина Пробиштип.

**ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (1 извршител)**

Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18 и "Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22), заштитата на медиумите во животната средина (почва, вода и воздух) се постигнува преку преземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со овој или посебните закони.
Работните активности на општинскиот инспектор за животна средина во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:
-Закон за животна средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18 и "Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22);
-Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ", бр. 102/19);
-Закон за инспекциски надзор во животната средина ("Службен весник на РСМ", бр. 99/22);
-Закон за општа управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 124/15);
-Законот за заштита од бучавата во животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 146/15);
- Законот за управување со отпад ("Службен весник на РСМ", бр. 216/2021);
-Закон за управување со дополнителни текови на отпад ("Службен весник на РСМ", бр. 216/2021);
-Закон за амбиентен воздух ("Службен весник на РМ", бр. 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
-Закон за пакување и отпад од пакување ("Службен весник на РМ", бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 123/12, 163/13, 146/15 и 39/16);
-Закон за води ("Службен весник на РМ", бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
-Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема ("Службен весник на РМ", бр. 06/12, 163/13, 146/15 и 39/16);
-Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ("Службен весник на РМ", бр. 140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16);
-Одлуки, уредби и правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа.

Покрај тековните активности, општинскиот инспектор за животна средина ќе соработува со Министерството за животна средина и просторно планирање, со државните инспектори за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со

правни субјекти поточно овластени претпријатија за вршење на мерења кои се потребни за спроведување на законската регулатива.

**Предмет на контрола :**
-редовна инспекциска контрола на инсталации кои подлежат на Б-интегрирана еколошка дозвола;
-надзор кај правни и физички лица кои подлежат на изработка на елаборат за заштита на животната средина;
-изработка на план за инспекциски надзор по Закон за животна средина кој го доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
-изработка на годишен извештај за извршен инспекциски надзор и доставува до МЖСПП;
-изработка на шестомесечен извештај за инспекциски надзор за статистика;
-постапување по барања поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива;
-водење на управни постапки;
-прием на странки.

Со Програмата за работа на овластениот инспектор за животна средина се предвидува преземање мерки за спроведување на законите од областа на животната средина, за обезбедување на поквалитетна и здрава животна средина на целата територија на Општина Пробиштип.
За спроведување на Програмата во надлежност на заштита на животната средина надзор врши еден овластен инспектор за животна средина со лиценца.

## ИНСПЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА (1 извршител)

Работните активности на општинскиот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:
-Закон за превоз во патниот сообраќај (“Службен весник на РМ”, бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18 и “Службен весник на РСМ”, бр. 140/18, 163/18 и 275/19);
-Закон за јавни патишта (“Службен весник на РМ”, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16);
-Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на РМ”, бр. 102/19);
-Закон за општа управна постапка (“Службен весник на РМ”, бр. 124/15).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.
Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши општинскиот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2026 година и тоа:
-врши инспекциски надзор над авто такси превозот на патници, линискиот превоз на патници и посебниот линиски превоз на патници на територијата на општина Пробиштип;

-врши инспекциски надзор над одржувањето и заштитата на јавните патишта;
-водење на инспекциски постапки;
-прием на странки.

За спроведување на оваа Програма и законите во надлежност на општинскиот инспектор за патен сообраќај и патишта надзор врши еден Овластен инспектор за патен сообраќај и патишта.

## ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ (1 извршител)

Работните активности на општинскиот инспектор за даноци и такси во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:
- Закон за даноците од имот ("Службен веник на РМ", бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 183/11, 54/12, 84/12, 17/13, 188/13 и 154/15);
- Законот за комунални такси ("Службен весник на РМ", бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15);
- Закон за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ", бр. 19/96 и 154/15).

Предвид ќе бидат земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуваат работите кои ги врши општинскиот инспектор за даноци и такси и тоа:

**За данокот на имот:**

-ги пријавува новите обврзници и за истите се врши проценка на имотот со кој се задолжува новиот даночен обврзник;
-од настанатите промени во доградба, надградба и реконструкција се пријавуват нови репроценки односно се зголемува облогот на даночниот обврзник;
-врши контрола на изготвениот облог и наплатата на истиот;
-преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварените приходи по основ на даноци од имот.

**За комуналната такса за истакната фирма:**

-преку web-страната на Централниот регистар ги следи сите промени со отворање и затворање на фирми и со работа на терен согласно Законот за комунални такси врши пријавување на нови обврзници за фирмарина;
-се врши контрола на терен за новоотворените фирми и подружници;
-ја следи наплатата на фирмарината во текот на годината;
-преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварени приходи по основ на фирмарина.

**За таксата за привремен престој:**

-се врши контрола на сместувачките капацитети преку книгата за гости колку ноќевања се остварени во претходниот месец и согласно Законот за таксата за привремен престој истите се должни до $15^{\text{-ти}}$ во месецот за претходниот месец да ги уплатат средствата од кое 80% се приход на општината, а 20% се приход на Република Македонија;
-ја следи наплатата секој месец преку изводите од трезор;

-преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварени приходи по основ на таксата за привремен престој.

**За комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност:**

-по Законот за комуналните такси (“Сл.весник на РМ”, бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15), според член 3, став 1, точка 3 се плаќаат комунални такси за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, а според член 7 обврската за плаќање на комуналната такса настанува во моментот на користење на правото, предметот или услугата за кое е пропишано плаќање такса. Правниот субјект пред почнување на користење на правото должен е да поднесе барање до општината за да може да добие одобрение за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

-се следи наплатата секој ден преку изводите добиени од трезор;

-се врши контрола на правните субјекти на територијата на општина Пробиштип и на лице место се утврдува фактичката состојба со изготвување на записник и задолжување на правниот субјект доколку користи а нема одобрение за користење на просторот пред деловниот објект за вршење на дејност;

-преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварените приходи по основ на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.

## ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ
**(1 извршител)**

Работните активности на општинскиот инспектор за туристичка и угостителска дејност во текот на 2026 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на законските и подзаконски акти во областа на туристичката и угостителската дејнос и тоа:

-Закон за туристичка дејност (“Службен весник на РМ”, бр. 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 и 53/16);

-Закон за угостителска дејност (“Службен весник на РМ”, бр. 62/2004);

-Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на РМ”, бр. 102/19);

-Закон за општа управна постапка (“Службен весник на РМ”, “ бр. 124/15).

Предвид ќе бидат земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Работните активности на општинскиот инспектор за туристичка и угостителска дејност се:

- врши надзор над законитоста на примената на законите од областа на туристичката и угостителската дејност која е во надлежност на општината;
- врши надзор над друштвата регистрирани за вршење на туристичка и угостителска дејност;
- врши надзор на лиценците за вршење на туристичка дејност;
- врши надзор на истакната фирма на друштвата регистрирани за туристичка дејност;
- врши надзор на сертификатите на вработените во друштвата регистрирани за туристичка дејност;

- донесува решенија за вршење на туристичка дејност, решенија за забрана на вршење на туристичка дејност и поднесува барање за поведување на прекршочна постапка;
- врши контрола согласно Законот за такса за привремен престој.

За спроведување на оваа Програма и за спроведување на законите во надлежност на општинскиот инспектор за туристичка и угостителска дејност надзор врши еден овластен инспектор со лиценца.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средства и услови потребни за извршување на инспекциските контроли и реализација на Програмата

Одделението за инспекциски работи ќе ја спроведува оваа Програма на територијата на општина Пробиштип со следните видови инспектори:
-еден општински градежен инспектор, кој е во постапка на добивање на лиценца за инспектор;
- еден општински комунален инспектор со лиценца;
-еден општински инспектор за животна средина со лиценца;
-еден општински инспектор за туристичка и угостителска дејност со лиценца;
-двајца комунални редари.

За спроведување на оваа Програма потребни се материјално-технички средства и други услови и тоа:
-средства за извршување на актите на овластен градежен инспектор кои што се предвидени во Програмата **ЕО во висина од 300 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**;
-средства за отстранување и расчистување на диви депонии и подигање на хаварисани возила **во висина од 100 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**;
-добра соработка со други институции кои што се исто така влкучени во делови од надлежностите на општинските инспектори;
-присуство на полиција (асистенција) во одредени случаи, кои се јавуваат на терен (отстранување на објекти, контрола на авто такси и другите видови превоз и др.) ;
-ангажирање на други стручни институции од областа на градежништвото, јавната чистота, комуналната дејност и заштита на животната средина (изведувачи, извршители и слично) ;
-опрема и службена облека за инспекторите и комуналните редари.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/6**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовскис.р.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Р.Македонија„ бр.149/14, 149/15 и 53/16 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година**

**1.Вовед**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња како и нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот е во согласност со членовите 26, 27, 28 и член 29 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија” бр.149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни
односно нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавните површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот со зголеменото присуство на бездомните животни, односно контрола на нивниот број е пропишан согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, хуманиот начин на третирање на овие животни односно нивна масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени.

По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата животните се враќаат на територијата од која што биле заловени, обележани со ушна маркичка и вграден чип. Поради порастот на оваа популација за најбрз загарантиран ефект препорачливо е кучињата да се стерилизираат за да не постои можност за зголемување на нивната популација.

**2.Основна цел на програмата**

Основна или главна цел на програмата е контрола на популацијата на бездомните кучиња во општина Пробиштип, ефикасно, одговорно, хумано и трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и за да се спречи присуствотото на нови (мали) кучиња на јавните површини.

**3.Активности**

Активностите за хумано третирање на бездомните животни на подрачјето на Општината подразбираат:

- заловување на животните,
- нивен транспорт до прифатилиштето,
- прием и преглед од овластен ветеринар,

- лабораториско испитување на животните на одредени болести,
- идентификација и водење на евиденција,
- стерилизација,
- постоперативно сместување, лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и потикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени
- еутанизација на многу болни и агресивни животни

Заловување и транспорт
Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на лицата ангажирани за заловување на животните кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика на целата активност во спротивно може да се трауматизираат животните и да предизвика многу несакани реакции кај лицата присутни при наведенатата активност. Работниците ангажирани за заловување на животните треба да располагаат со соодветна опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, пушка за привремено успивање со средства за времена парализа – успивање, кафези за транспорт, околувратници и водилки и соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.
Заловувањето на бездомните кучиња приоритетно ќе се врши на следните јавни површини: плоштадите, на пазарните места, во околината на градинките, основните и средните училишта и гробиштата во Пробиштип и Злетово  и на останатите јавни површини (улиците ).

Прифатилиште и медицински третман
Секое заловено животно се сместува во прифатилиште заради медицинско третирање: преглед од овластен ветеринар, лабораториско испитување, по потреба прочистување од внатрешни и надворешни паразити, хируршки зафат- стерилизација/кастрација, вакцинација и дехелментација, за на крај животното да се обележи со ушна маркичка и микрочип. Прифатилиштето треба да ги исполнува условите пропишани во Правилникот за техничките услови во прифатилиштето и треба да биде одобрено од  Агенцијата за храна и ветеринарство.

Посвојување и вдомување
Посвојувањето и вдомувањето е најхуманиот начин за згрижување на напуштените кучиња и мачки. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирании, стерилизирани  и да имаат микрочип.
Со цел да се олесни и да се промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштата треба да соработуваат со здруженија за заштита на животните и со заинтересираните граѓани. За таа цел потребно е фотографирање на сите животни и објавување на наменски веб портали со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување на миленик.

Еутанизација

Еутанизацијата може да се спроведе само и исклучиво како крајна мерка кај болно животно или тешко повредено - во терминален стадиум на болест или повреда кога состојбата е неизлечива и е невозможно да се елиминира болката кај животното.

**4.Извршител**
Извршител на програмата е регистрирано правно лице – Овластена ветеринарна амбуланта, болница или клиника, која поседува одобрение за прифатилиште од Агенцијата за храна и ветеринарство.
Извршителот на програмата ќе биде избран во постапка на избор на најдобар понудувач по спроведена електронска аукција во постапка за јавна набавка. Извршителот е должен да постапува согласно прописите од Законот за заштита и благосостојба на животните како и правилата и стандардите за овој вид на работи. Динамиката на заловување на бездомните кучиња ќе се врши по потреба односно по утврденото присуство на животните на определени јавни површини кога и ќе се повика извршителот да изврши заловување и третман на истите.
**5.Финансирање на наведените активности**
Трошоците за заловување и третман на бездомните кучиња се на товар на Општината а на заловените регистрирани и нерегистрирани кучиња на товар на сопствениците (член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните). Финансирање на програмата се врши од средствата предвидени во буџетот на Општината за тековната година во програмата Т1-унапредување на здравствената заштита, конто 425510 – ветеринарни услуги. За 2026 година се предвидени средства во висина од 400 000,00 денари. Наплатата за извршената активност ќе се врши по заловено и третирано животно по цена постигната на електронската аукција, утврдена во договор за вршење на наведената активност склучен помеѓу Општина Пробиштип и давателот на услугата.
При секоја дневна активност на заловување на животните записнички се утврдува бројот на заловените животни.
**6.Надзор**
Надзор на извршувањето на Програмата врши Агенцијата за храна и ветеринарство.
Инспекциски надзор врши Комунален инспектор на Општина Пробиштип.
**7.Едукација и информирање**
Истовремено со заловувањето на животните присутни на јавните површини потребна е едукација на граѓаните. Главна цел на истата треба да се однесува на концептот на одговорно сопственишство што подразбира одговорност кон животните односно нивно чување и ненапуштање на истите од сопствениците. Заради тоа оваа материја треба законски да се доуреди односно да се обврзат сопствениците да ги евидентираат постоечките и новородените животни како и да се забрани нивното напуштање и присуство на јавните површини.
Општината заедно со невладините организации за заштита на животните ќе спроведува едукативни средби со имателите на животните со цел да се контролира популацијата и одговорноста кон животните односно нивно чување и ненапуштање на истите од сопствениците.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/7**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), на предлог на Градоначалникот на Општина, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**За управување со отпад на општина Пробиштип за 2026 година**

Општ дел

КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЦВРСТИОТ КОМУНАЛЕН ОТПАД(ЦКО)

Називот цврс комунален отпад (Municipal Solid Waste) е релативно нов во нашата терминологија. Тој претставува алтернатива на досегашните изрази како домашно ѓубре, јавен смет, комунален смет и сл. Во време на зголемен индустриско – технолошки развој, демогравска експлозија, пренаселеност и интензивно темпо на човековиот живот, доаѓа до енормна продукција на ЦКО, како и зголемување на содржината на вештачки и тешко разградливи материи во него. Природарта не е во состојба сама да го разложи отпадот создаден од човековите активности, така што тој станува се поголема закана за човекот и неговата околина, бидејќи зафаќа се поголеми површини и ги загадува почвата, атмосверата, површинските и подземните води и биосверата.

За решавање на проблемот со цврстиот отпад е развиена посебна научно-инженерска дисциплина, наречена Управување со цврстит отпад УЦО (Solid Waste Management) која се бави со контрола на продукцијата, прибирањето, селекцијата, транспортот, третманот и конечното одлагање на отпадот. Основни аспекти на една здрава стратегија за систематско решавање на проблемот со ЦКО се следните:

-Зголемување на квантумот на информации (технички и едукативни) за планирање и управување со отпадот, како и истражување и развој на таа област со целосна застапеност на родова еднаквост,

-Унапредување и координација на работата на овие фактори кои работат со згрижување на отпадот (комунални претпријатија, индустријата, научни институции, министерство за заштита на животната средина и.тн),

-Интензивирање на активностите за намалување на продукцијата и токсичноста на ЦКО,

-Зголемување на степенот на примарна селекција на ЦКО,

-Тенденција кон современите постапки на третман на ЦКО (инсинерација, аеробна, и анаеробна ферментација, пиролиза и т.н)

-Тенденција кон осовременување на депониите за одлагање на отпадот.)
- паркиралишта и гаражи........................ 0,1
- лоѓија затворена од три страни...... 0,5
- подлоѓија затворена од две страин 0.4
- балкони , тераси......................................... 0,3
- отворен наткриен простор................... 0,3

**3. Други објекти**

-катни гаражи.............................................. 0,05
-спортски покриени објекти.................. 0,5
- спортски откриени објекти.................. 0,3
- гасни станици и
базни станици за 50% од површината
на локацијата ............................................... 1,0
-отворени пазаришта за 30% од
површината на локацијата ....................... 1,0
- базени.................................................................. 0,2
-трафостаници над 35 Кв............................ 1,0

**4. За објектите од група на класи на намена Г- производство , дистрибуција и сервиси**

- Г1 тешка загадувачка индустрија 0,05
- лесна незагадувачка индустрија 0,01
- сервиси 0,01
- стоваришта 0,01

5. **За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини** ( продавници, кафетерии и ресторани , авто сервиси, авто салони ,помошни простории)

- Продажни простории на бензиските пумпни станици 1,0
- Услужни простории на бензиските пумпни станици 1,0

6. **За објектите од група на класи на намени** Б-5 угостителски и туристички комплекси , хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи на намени А 4 хотел , мотел, времено сместување во викенд куќи ,планинарски дом и ловен дом

- сите простории 0,05

7. **За детски градинки , пензионерски домови и домови за стари лица**
   - сите простории 0,05

8. **За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотемална енергија и хидроенергија) се утврдува коефициент 0,01**
9. **За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела се утврдува коефициент 0,01. “**

Во корисна површина што ќе се гради согласно заверена проектна документација не се пресметуваат површините ѕидовите и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, окна за врати , отворени паркиралиштаи подземни резервоари

Наѕидокот на фасадните ѕидови (освен на калканскиот ѕид) во поткровниот простор изнесува максимум 1,50 м. рачунато од подот до почетокот на косината. во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот. Кај објектите со коси покриви кота на венец преставува котата на горниот раб на заштитна стреа на основната кровна конструкција.

На деловите на поткровниот простор повисок од 2,50 м. ќе се примени коефициент 1,0.

Начинот на пресметувањето ќе се изврши со множење на добиената корисна површина со цена од соодветната зона.

**Критериуми за плаќање на надоместокот**

- Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е до 60 000 денари инвеститорот го плаќа целиот износ веднаш
- Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е од 60 000 до 150 000 денари тогаш 50% од овој износ се плаќа веднаш, а остатокот на три еднакви рати
- Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е од 150 000 до 500 000 денари, тогаш 30% од овој износ се плаќа веднаш, а остатокот на шест еднакви рати.
- Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е над 500 000 денари тогаш 30% од овој износ се плаќа веднаш, а остатокот на дванаесет рати.

Доколку инвестиророт изгради, догради, надгради и сл. поголемата површина од онаа за која е пресметано надомест, за вишокот на изградениот простор ќе плати дополнително надомест и тоа по цена зголемена за 50% од онаа која важи на денот на плаќањето, а истата се регулира со анекс договор.Во спротивно нема да биде овозможен приклучок на вода, струја и друго согласно Законот за комунални дејности.

Сите надоместоци се уплатуваат откако ќе се добие потребната документација врз основа на што се врши пресметка на комуналниот надомест и се склучува договор за уредување на градежно земјиште помеѓу Општината Пробиштип и инвеститорот со кој се регулираат меѓусебните односи по прашањето за висината на надоместокот, рокови, начин на плаќање, обем и степен на уреденост и други услови.

Висината на комуналниот надомест по основа погоре опишаното ќе ја утврдува одделението за комунални работи.

**7. Преодни и завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/12**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став1 точка 12 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) на седницата одржана на 09.12.2025 година Советот на Општина Пробиштип ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**за изградба и одржување на Општински патишта и улици во општина Пробиштип за 2026 година**

***Јд. Изградба и реконструкција на општинските патишта и улици***

| Планирани активности | | буџет | донација | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2026 | 2027 |
| 1 | Изработка на проектна документација за улици, елаборати за експропријација, ревизии на проекти | 800.000 | 0 | 0 |
| 2 | Трошоци за надзорски работи над улиците и патиштата | 200.000 | 0 | 0 |
| 3 | Изградба на улици во урбан блок 7.5 | 0 | 8.234.913 | 4.685.396 |
| 4 | Изградба на потпорни ѕидови во урбан блок 7.5 | 0 | 5.158.973 | 3.440.989 |
| 5 | Изградба на улица Брегалничка со л=271м | 0 | 4.078.080 | 2.343.541 |
| 6 | Реконструкција на дел од улица 3ти Април | 0 | 5.521.331 | 3.470.269 |
| 7 | Асфалтирање на пат во старо Калниште до чешмата во мв Леговец л=550м | 0 | 3.148.676 | 1.556.317 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Реконструкција на пат за нм Кундино л=1427 м | 0 | 6.089.304 | 4.059.536 |
| 9 | Изградба на Паркинг простор во Лесново | 0 | 5.309.958 | 3.292.450 |
| 10 | Реконструкција на пат ГорниСтубол - Долни Стубол | 0 | 8.323.382 | 5.548.922 |
| 11 | Преуредување и замена на дотраена базалтна коцка на улица „Ленинов плоштад,, | 0 | 3.751.793 | 2.501.195 |
| 12 | Реконструкција на улица Јаким Стојковски на потег од спој со улица Крсте Мисирков до спој со улица Димитар Влахов л=410м | 0 | 8.100.000 | 0 |
| 13 | Реконструкција на ул Никола Карев на потег од спој со ул Јаким Стојковски до спој со бул Тодор Александров со л=260м | 0 | 7.200.000 | 0 |
| 14 | Тампонирање на улици во [illegible] | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 15 | Изградба на потпорни ѕидови на улица 3-ти Април | 1.500.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Поплочување на кратки улички со бехатон | 1.710.000 | 0 | 0 |
| 17 | Асфалтирање на улица во нм Древено | 0 | 2.500.000 | 0 |
| 18 | Реконструкција на пат до нм Марчино | 0 | 19.450.000 | 0 |
| 19 | Реконструкција на улица во нм Турско Рудари со л=680м | 0 | 3.500.0000 | 0 |
| **ВКУПНО Јд** | | **5.210.000** | **90.366.410** | **30.898.615** |

***Јб. Одржување и заштита на локалните патишта и улици, како и нивно одржување во зимски услови***

| Планирани активности | | буџет | донација |
|---|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување на улиците и патиштата | 1.500.000 | 0 |
| 2 | Чистење на снег од патиштата и уличната мрежа, како и набавка на абразивни средства во зимски услови | 1.000.000 | 0 |
| **ВКУПНО Јб:** | | **2.500.000** | **0** |

***Јф. Изработка на сообракајна сигнализација***

| Планирани активности | | буџет | донација |
|---|---|---|---|
| 1 | Обележување на поважните улици во градот | 1.200.000 | 0 |
| 2 | Изработка на сообраќајни проекти | 400.000 | 0 |
| 3 | Набавка и поставување на сообраќајни знаци | 451.000 | 0 |
| 4 | Набавка и поставување на светлосна сигнализација | 0 | 1.500.000 |
| ***ВКУПНО Јф:*** | | **2.051.000** | **1.500.000** |

| ***Рекапитулар*** | | |
|---|---|---|
| Јд. Изградба и реконструкција на општински патишта и улици | **5.210.000** | **90.366.410** |
| Јб. Одржување и заштита на локалните патишта и улици, како и нивно зимско одржување | **2.500.000** | **0** |
| Јф. Изработка на собракајна сигнализација | **2.051.000** | **1.500.000** |
| **Вкупно:** | **9.761.000** | **91.866.410** |

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовскис.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 15 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) на предлог на Градоначалникот на Општината, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната:

## ПРОГРАМА
### за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини во општина Пробиштип за 2026 година

Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини во Пробиштип содржи:

1. Вид и обем на работите
2. Динамика и начин на вршење на работите
3. Спроведување на програмата

### 1. ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

1.1. Со програмата е планирано редовно чистење (метење и собирање на отпад) на јавните сообраќајни површини како и одржување и расчистување на јавни површини од снег и мраз во зимски услови.

1.2. Чистење на атмосферски канали и улични сливни решетки

Чистењето на атмосферските канали и шахти ќе се врши по налог од Општината

1.3. Јавните површини во зависност од нивната оптовареност и нивната местоположба се поделени во две категории поради поефикасно чистење

Прва категорија – централно градско подрачје

А. Метење на ЈСП пет и шест пати во неделата

| Ред.бр. | ЈСП | површина |
|---|---|---|
| 1. | Градски плоштад во Пробиштип и Злетово | 2660 $м^2$ |
| 2. | ул. Јордан Стојанов(ЈКП Н. Карев- ул. Славко Баев) | 1450 $м^2$ |
| 3. | ул. Јаким Стојковски (Собрание- ул. 11$^{ти}$ Октомври) | 2100 $м^2$ |
| 4. | Секундарен Плоштад -Гимназија | 600 $м^2$ |
| 5. | ул. Цветко Тонев (улица и тротоар) | 1200 $м^2$ |
| 6. | Улица и паркиралиште ( Силекс Банка) | 300 $м^2$ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно:** | **8310м$^2$** |

А.1-Метење на ЈСП со специјално возило за метење

| Ред.бр. | ЈСП | Површина (м$^2$) |
|---|---|---|
| 1. | Градски плоштад во Пробиштип | 1600 |
| 2. | Градски пазар | 17556 |
| 3. | ул. Јаким Стојковски (Собрание- Здравен дом) | 3600 |
| 4. | ул. Цветко Тонев | 1000 |
| 5. | ул. Х.Т. Карпош | 1 100 |
| 6. | ул. Јоаким Крчовски | 1 200 |
| 7. | ул. 11$^{ти}$ Октомври | 1 500 |
| 8. | ул. Никола Карев | 2 200 |
| 9. | ул. Илинденска | 2 000 |
| 10. | ул. Нада Михајлова ( Кружен тек – Лиса Гара) | 2 200 |
| | **Вкупно:** | 33 956м$^2$ |

Метењето со специјално возило ќе се врши во период од 8 месеци.

Втора категорија – прва, втора и трета зона

Б. Метење на ЈСП еднаш во неделата

| Ред.бр. | ЈСП | површина |
|---|---|---|
| 1. | ул. Јаким Стојковски(ул.11$^{ти}$Октомври- Здравен дом) | 1500 м$^2$ |
| 2. | ул. Јаким Стојковски(Здравен дом – Старо школо Калниште) | 1900 м$^2$ |
| 3. | ул. Славко Баев | 550 м$^2$ |
| 4. | ул. Гоце Делчев | 1550 м$^2$ |
| 5. | ул. Илинденска | 2000 м$^2$ |
| 6. | ул. Браќа Миладинови | 1700 м$^2$ |
| 7. | ул. Партизанска | 1300 м$^2$ |
| 8. | ул.28 $^{ми}$ Август | 1200 м$^2$ |
| 9. | ул. Црн Врв | 600 м$^2$ |
| 10. | ул. Нада Михајлова ( Кружен тек – Лиса Гара) | 2200 м$^2$ |
| 11. | ул. Јордан Стајанов ( ул. Славко Баев – ул. Н. Михајлова) | 2000 м$^2$ |
| 12. | ул. Х.Т. Карпош | 1100 м$^2$ |
| 13. | ул. Јоаким Крчовски | 1200 м$^2$ |
| 14. | ул. 11$^{ти}$ Октомври | 1500 м$^2$ |
| 15. | ул. Никола Карев | 2200 м$^2$ |
| 16. | ул. 8$^{ми}$ Септември | 1000 м$^2$ |
| 17. | ул. Тодор Александров ( Автобуска – Б4) | 2000 м$^2$ |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | ул. Тодор Александров ( Б4 – ОУ Никола Карев) | 2000 $м^2$ |
| 19. | ул. Миро Барага ( Автобуска – ПП Станица) | 3000 $м^2$ |
| 20. | ул Македонија – Злетово | 3000 $м^2$ |
| 21. | ул.Јане Сандански-Злетово | 500$м^2$ |
| 22. | Детско игралиште –н.Карпош | 750$м^2$ |
| 23. | Плоштад-н.Калниште | 650$м^2$ |
| 24. | ул.Павел Шатев(со паркинг простор) | 2100 $м^2$ |
| 25. | Детско игралиште-ул.Нада Михајлова | 800 $м^2$ |
| 26. | Детско игралиште-ул.Јаким Стојковски | 500 $м^2$ |
| 27. | Детски игралишта-ул.Цветко Тонев(Градски Парк) | 1000 $м^2$ |
| 28. | Детско игралиште-ул.Јане Сандански(Злетово) | 150 $м^2$ |
| 29. | Простор на ул. Македонски Револуционери(камењар) | 2 000$м^2$ |
| 30. | Простор на ул.Пониква-Злетово | 1000$м^2$ |

В. Метење на ЈСП еднаш месечно

| | | |
|---|---|---|
| 1. | дел од ул. Кочо Рацин ( кај црквата) | 3000 $м^2$ |
| 2. | ул. Македонски Револуционери | 3500 $м^2$ |
| 3. | ул. 9$^{ти}$ Мај | 1400 $м^2$ |
| 4. | ул. Јане Сандански | 9500 $м^2$ |
| 5. | ул. Плавица | 1000 $м^2$ |
| 6. | ул. 3$^{ти}$ Април | 1500 $м^2$ |
| 7. | ул. Доне Божинов | 1200 $м^2$ |
| 8. | ул.Пониква-Злетово | 1500$м^2$ |
| 9. | ул.Даме Груев(н.Пробиштип) | 3000$м^2$ |

## 2. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

### 2.1 Метење на ЈСП пет и шест пати во неделата

| **шест пати** |
|---|
| 1. Градски плоштад<br>2. Секундарен Плоштад - Гимназија<br>3. ул. Јордан Стојанов (Собрание- ул. Славко Баев)<br>4. ул. Јаким Стојковски ( Собрание - ул. 11$^{ти}$ Октомври) |
| |
| **пет пати** |
| 1. ул. Јордан Стојанов (ЈКП Н. Карев - Собрание)<br>2. ул. Цветко Тонев<br>3. ул. Улица и паркиралиште(ЦК Банка)<br>4. ул.Македонија(од зградата до плоштадот)-Злетово |

| |
|---|
| 5. Плоштад Славко Абазов-Злетово |

**2.2 Метење на ЈСП еден пат во неделата**

**ПОНЕДЕЛНИК**

| |
|---|
| 1. ул. Х.Т. Карпош |
| 2. ул. Јоаким Крчовски |
| 3. ул. Гоце Делчев |
| 4. ул. Павел Шатев |
| 5. ул. Славко Баев |
| 6. ул. Јане Сандански-Злетово |

**ВТОРНИК**

| |
|---|
| 1. ул. Тодор Александров ( Автобуска-Б4) |
| 2. ул. Јаким Стојковски ( 11 Октомври – Здравен Дом) |
| 3. ул. Јордан Стојанов (ул.Славко Баев - ул. Н. Михајлова |
| 4. ул. Никола Карев |
| 5. ул. 8 Септември |
| 6. ул. Македонија-Злетово(од плоштадот до влезот во Злетово) |

**СРЕДА**

| |
|---|
| 1. ул. 11 Октомври |
| 2. ул. Илинденска |
| 3. ул. Браќа Миладинови |
| 4. ул. Црн Врв |
| 5. ул.Тодор Александров(Б4-ОУ Никола Карев) |
| 6. ул. Македонија-Злетово(од Зградата до Пешка) |

**ЧЕТВРТОК**

| |
|---|
| 1. ул. Партизанска |
| 2. ул. 28ми Август |
| 3. ул. Нада Михајлова |
| 4. ул. Јаким Стојковски (Здравен дом-Старо школо Калниште) |

**ПЕТОК**

| |
|---|
| 1. ул. Миро Барага ( Автобуска - ПП Станица) |

**2.3 Метење на ЈСП еднаш месечно**

| |
|---|
| 1. ул.Плавица |
| 2. ул. 3ти Април |
| 3. ул. Доне Божинов |

4. ул. Пониква-Злетово
5. ул.дел од ул.Кочо Рацин(кај црквата)
6. ул.Македонски Револуционери
7. ул.9$^{ти}$ Мај
8. ул.Јане Сандански
9. ул.Даме Груев

2.4. **Чистење на јавни површини во зимски услови**

-Чистење на тротоари во централното градско подрачје од снег и мраз во зимски услови

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Градски плоштад во Пробиштип и Злетово | 2660 $м^2$ |
| 2. | ул. Јордан Стојанов(ЈКП Н. Карев- ул. Славко Баев) | 1450 $м^2$ |
| 3. | ул. Јаким Стојковски (Собрание- Кружен тек) | 2400 $м^2$ |
| 4. | Секундарен Плоштад -Гимназија | 600 $м^2$ |
| 5. | ул. Цветко Тонев (улица и тротоар) | 1200 $м^2$ |
| | **Вкупно:** | **8310$м^2$** |

## 3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на хигиената на ЈСП ќе ја спроведува службата за Комунална хигиена при ЈКП Никола Карев Пробиштип.
Во зимските услови ќе се врши чистење на снегот и мразот од тротоарските површини на улиците со фрлање на сол и песок на улиците и патиштата во координација со службата од Општина Пробиштип.

## 4. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА

| Р.б. | | Единечна цена |
|---|---|---|
| 1 | **Рачно метење на ЈСП** | **0.6 дененари /$м^2$** |
| 2 | **Метење на ЈСП со специјално возило за метење** | **0.50 денари /$м^2$** |
| 3 | **Чистење на атмосверски канали и улични сливни решетки** | **200 денари од работен час** |
| 4 | **Општ работник** | **140 денари од работен час** |
| 5 | **Користење на трактор за фрлање на сол и песок по улици во случај на снег и мраз и други потреби** | **1 000 денари од работен час** |
| 6 | **Чистење на тротоари од снег со машина за чистење на снег** | **0.50 денари / $м^2$** |

**Вкупно планирани средства за реализација на предвидените активности изнесува 3.500.000,00 ден.**

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/14**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 16 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) на предлог на Градоначалникот на Општина, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**за одржување на јавно зелени површини**
**и озеленување на нови површини за 2026 год**

Програмата за одржување на јавното зеленило, паркови и спортски објекти содржи:

1. Вид и обем на работите
2. Динамика и начин на вршење на работите

**1.Вид и обем на работите**

Под одржување на јавното зеленило се подразбира чистење, косење и собирање на трева, обнова, одржување и нега на дрвјата, одржување и кроење на украсни грмушки и жбунови, одржување и нега на сезонско и трајно цвеќе, одржување на поплочени и посипени со песок површини во паркови, фитозаштита на растенијата, депонирање на собраниот отпад, како и останати работни задачи потребни за одржување на јавното зеленило.

1.2. На подрачјето на град Пробиштип евидентирани се вкупно 59 874 $м^2$ јавно зелени површини од кои:

| Ред.бр. | Локација | површина |
|---|---|---|
| 1. | Градски парк + нова површина кон полиција | 2335 + 2016 $м^2$ |
| 2. | Триаголници ; два на улица Јаким Стојковски еден на улица Кочо Рацин | 516 $м^2$ |

| | | |
|---|---|---|
| | три на улица Јордан Стојанов | |
| 3. | Плоштад-Гаврил Лесновски | 1700 $м^2$ |
| 4. | Зелена површина пред и околу собрание | 360 $м^2$ |
| 5. | Кружен тек | 80 $м^2$ |
| 6. | Спомен парк | 6200 $м^2$ |
| 7. | Зелена површина пред кино | 150 $м^2$ |
| 8. | Зеленило на ул. Јордан Стојанов (ул. М. Барага-Собрание) | 150 $м^2$ |
| 9. | Парк помеѓу ул. Цветко Тонев и Ленинов плоштад | 2500 $м^2$ |
| 10. | Спортско рекреативна зона | 2700 $м^2$ |
| 11. | Кружен тек на ул. Цветко Тонев + Лиса гара | 20 + 20 $м^2$ |
| 12. | Спортски терени ( рударско + ново игралиште) | 7150 + 8025 $м^2$ |
| 13. | Спортско игралиште –Злетово | 7800 $м^2$ |
| 14. | Зелени површини – Злетово | 1000 $м^2$ |
| 15. | Зелени површини –с.Лесново | 4000 $м^2$ |
| 16. | Зелена површина кај градски пазар | 1352 $м^2$ |
| 17. | Плоштад Атанас Бабата | 200 $м^2$ |
| 18. | Простор помеѓу ул. Нада Михајлова и 28$^{ми}$Август | 500$м^2$ |
| 19. | Зелена површина кај Марков Камен | 1 000$м^2$ |
| 20. | Простор на ул. Македонски Револуционери(камењар) | 2 000$м^2$ |
| 21. | Зелени површини (од тениско игралиште до ветеринарна станица) | 800$м^2$ |
| 22. | Зелена површина околу детското игралиште на ул.Поникива-Злетово | 600$м^2$ |
| 23. | Зелена површина околу ракометното игралиште | 500$м^2$ |
| 24. | Зелени површини-с.Ратавица | 1 000$м^2$ |
| 25. | Зелени површини-с.Плешанци | 1 000$м^2$ |
| 26. | Зелени површини-с.Стрмош | 1 000$м^2$ |
| 27. | Зелени површини-с.Горни Стубол | 1 000$м^2$ |
| 28. | Зелени површини-месноста викана Крст во старо Калниште | 1 500$м^2$ |
| 29. | Зелена површина кај просторот помеѓу ул.Јордан Стојанов и ул.Гоце Делчев | 400$м^2$ |
| | **ВКУПНО:** | **59 874$м^2$** |

Површина со хортикултура:

| Ред.бр. | Вид на површина за одржување | |
|---|---|---|
| 1. | Цветни површини + Цветни површини на градски пазар | 250 $м^2$ +250$м^2$ |
| 2. | Цветни површини-Камењар | 200$м^2$ |
| 3. | Зимзелени дрвја | 200бр. |
| 4. | Листопадни дрвја | 1500 бр. |
| 5. | Жива ограда | 250 $м^2$ |
| 6. | Поплочени или асфалтирани патеки | 2000$м^2$ |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Фонтани | 5 |
| 8. | Чешми | 8 |

Покрај редовното одржување на градските паркови и зелени површини потребно е обновување и уредување на неколку површини со сеење на трева и уредување со украсни дрвја и цвеќе и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Простор на ул. Миро Барага (под рударско игралиште) | 2000 $м^2$ |
| 2. | Уредување на простор кај градски пазар | 7000 $м^2$ |
| | ВКУПНО: | **9 000 $м^2$** |

**2. Надоместоците за вршење на планираните активности изнесуваат:**

| Ред. Бр. | Вид на работа | Ед. Мера | Цена денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Рачно косење со тример | $м^2$ | 1,80 |
| 2. | Машинско косење | $м^2$ | 1,30 |
| 3. | Собирање на трева | $м^2$ | 0,80 |
| 4. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 0,08 |
| 5. | Рачно поливање на зел.површини | $м^2$ | 1,00 |
| 6 | Поливање на зелени површини со распрскувач | $м^2$ | 0,50 |
| 7. | Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци | $м^2$ | 3,30 |
| 8. | Садење сезонско цвеќе | $м^2$ | 30,00 |
| 9. | Прашење цветни површини | $м^2$ | 30,00 |
| 10. | Кроење жива ограда | $м^2$ | 11,00 |
| 11. | Кроење на ружи и цветни грмушки | $м^2$ | 15,00 |
| 12. | Фито заштита | $м^2$ | 10,25 |
| 13. | Метење на патеки во градски парк | $м^2$ | 0,30 |
| 14. | Стругање плевел по патеки | $м^2$ | 7,80 |
| 15. | Рачен утовар на лист | $м^2$ | 0,28 |
| 16. | Окопување на дрва, покривачи, грмушки и др. Садници | бр. | 16,0 |
| 17. | Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | $м^2$ | 4,58 |
| 18. | Уништување коров со хербициди по патеки | $м^2$ | 10,25 |
| 19. | Одржување на фонтана на градски плоштад(за едно чистење) | бр. | 1.200,00 |
| 20. | Одржување на фонтана во градски парк(за едно чистење) | бр. | 1.500,00 |
| 21. | Копање на дупки за садење на садници | бр. | 132,50 |
| 22. | Прихранување на тревни површини | $м^2$ | 0,18 |
| 23. | Одржување на жардињери<br>-поливање<br>-плевење | $м^2$<br>$м^2$<br>$м^2$ | <br>0,48<br>15,93 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -прашење | | 19,50 |
| 24. | Сечење на суви гранки | бр. | 120 |
| 25. | Поливање на дрвореди со цистерна | бр. | 2,86 |
| 26. | Стружење на стар тревник со д = 5 – 8 см. | $м^2$ | 36,00 |
| 27. | Фрезирање на површината | $м^2$ | 6,00 |
| 28. | Сеење, грабулање и валирање на тревно семе | $м^2$ | 48,00 |
| 29. | Садење на листопадни дрвја | бр. | 250,00 |
| 30. | Садење на листопадни дрвја многу разгранети со прицврстување на 3 колци | бр. | 410,00 |
| 31. | Садење на четинари и зимзелени грмушки | бр. | 110,00 |
| 32. | Садење на листопадни грмушки | бр. | 50,00 |
| 33. | Садење на рози | бр. | 100,00 |
| 34. | Садење на сезонско цвеќе на веќе припремена површина | бр. | 30,00 |
| 35. | Даски за клупи од 1.5м | бр. | 400,00 |
| 36. | Сечење на дрвја со Ф до 30см. | бр. | 100,00 |
| 37. | Сечење на дрвја со Ф над 30 см. | бр. | 1500,00 |
| 38. | Расфрлување на вештачко губре по зелените површини | $м^2$ | 2.0 |

Горенаведените цени се без пресметан ДДВ.

| Ред. Бр. | Планиран обем на работа | Ед. Мера x цена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. | Рачно косење со тример | 17 962$м^2$ * 2.00 * 8 | 287 392.00 |
| 2. | Машинско косење | 41912$м^2$ * 1.30 *8 | 435 885.00 |
| 3. | Собирање на трева | 59 874$м^2$ * 0,8 *8 | 383.194.00 |
| 4. | Рачен утовар на искосена трева | 59 874$м^2$ * 0.08*8 | 38 319.00 |
| 5. | Рачно поливање на зелени површини<br>-Гр.парк<br>-Зеленило пред собрание<br>-Зеленило пред кино<br>- Зеленило на ул. Ј. Стојанов<br>-Парк помеѓу ул.Ц.Тонев и Ленинов плоштад<br>-Зеленило на секундарниот плоштад<br>-Зеленило на ул.Нада Михајлова<br>-зеленило кај Марков камен<br>- Простор на ул. Македонски Револуционери(камењар) | 12 095$м^2$ * 1.00*30 | 362 850.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Уредување на простор и чистење на канал (од тениско игралиште до ветеринарна станица)<br>- Простор на ул.Поникве-Злетово | | |
| 6. | Поливање на дрвореди со распрскувач<br>-ул.Илинденска<br>-ул.Миро Барага<br>-ул.Македонски Ревулуционери<br>-Спомен парк<br>-ул.Поникве Злетово | 400бр*3.00*50 | 60 000.00 |
| 7. | Поливање на зелени површини со распрскувач<br>-површина кон полиција<br>-триаголници<br>-спомен парк<br>-спортско рек. Зона<br>-кружни текови<br>-спортски терени<br>-површина кај градски пазар | 36692м$^2$ * 0.50*20 | 366 920.00 |
| 8. | Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци<br>-Гр. Парк+ површина кон полиција<br>-триаголници<br>-површина околу собрание<br>-површина пред кино<br>-зеленило на ул. Ј.Стојанов<br>-зеленило на градски пазар<br>-зеленило во Лесново<br>-Зеленило на ул.Нада Михајлова<br>-зеленило кај Марков камен | 9354м$^2$ * 3.30*7 | 216 077.00 |
| 9. | Садење сезонско цвеќе | 500м$^2$ * 30.00 | 15 000.00 |
| 10. | Прашење цветни површини | 500м$^2$ * 30.00*4 | 60 000.00 |
| 11. | Кроење жива ограда | 250м * 11.00 | 2 750.00 |
| 12. | Кроење на ружи и цветни грмушки | 100бр. * 15.00 | 1 500.00 |
| 13. | Фито заштита | 250м$^2$ * 10.25 | 2 562.50 |
| 14. | Метење на патеки во градски парк<br>-50%од вкупната површина | 2250м$^2$+1160м$^2$ * 0.30*48 | 49 104.00 |
| 15. | Стругање плевел по патеки и тротоари<br>-50%од вкупната површина | 3 000м$^2$ * 7,8*2 | 46 800.00 |
| 16. | Рачен утовар на лист<br>-Градски парк+повр. Кон полиција<br>-Парк помеѓу ул. Ц.Тонев и Ленинов плоштад | 24 051м$^2$ * 0.28*16 | 107 748.5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Спортско рек.зона<br>-ул.Павел Шатев<br>-ул.ХТ Карпош<br>-ул.Јордан Стојанов<br>-ул.11 Октомври<br>-ул.Илинденска<br>-ул.Нада Михајлова<br>-ул.Јоаким Крчовски<br>-ул.Гоце Делчев | | |
| 17. | Рачно косење со тример на зелени површини покрај тротоари(30%од вкупна површина ) | 25 426 м$^2$*2.8*6 | 427 156.80 |
| 18. | Окопување на дрва, покривачи, грмушки и др. Садници | 1438бр. * 16 | 23 008.00 |
| 19. | Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | 500м$^2$*20.00 | 10 000.00 |
| 20. | Уништување коров со хербициди по патеки и по тротоари | 2 500м$^2$ * 10.25*2 | 51.250.00 |
| 21. | Одржување на фонтана на градски плоштад | 10 * 1200 | 12 000.00 |
| 22. | Одржување на фонтана во градски парк | 2*2500 | 5 000.00 |
| 23. | Копање на дупки за садење на садници | 100бр. * 60 | 6 000.00 |
| 24. | Прихранување на тревни површини (без површина во Лесново) | 44049м $^2$ * 0.18 | 7 928.82 |
| 25. | Одржување на жардињери<br>-поливање<br>-плевење<br>-прашење | <br>250м$^2$ * 0.48*10<br>250м$^2$ * 15.93*10<br>250м$^2$ * 19.50*10 | <br>1 200.00<br>39 825.00<br>48 750.00 |
| 26. | Сечење и кроење на дрвја и суви гранки на јавни зелени површини (планирано) | 400бр. * 120 | 48 000.00 |
| 27. | Сечење на дрвја со Ф до 30см. | 40бр*1 000 | 40 000.00 |
| 28. | Сечење на дрвја со Ф над 30 см. | 20бр*1500 | 30 000.00 |
| 30. | Даски за клупи од 1.5м | 50бр*400 | 20 000.00 |
| 29. | Расфрлување на вештачко губре по зелените површини(без површина во Лесново) | 36 692м$^2$*2.00 | 73 384.00 |
| 30. | Поливање на дрвореди со цистерна | 500бр. * 2.86*5 | 7 150.00 |
| 31. | Фрезирање на површината<br>-обработка на земјата пред сеење на трева | 6851м$^2$ * 6.00 | 41 106.00 |
| 32. | Сеење, грабулање и валирање на тревно семе(планирано) | 2 000* 90.00 | 180 000.00 |
| 33. | Садење на листопадни дрвја | 50 бр. * 250 | 12 500.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Садење на листопадни дрвја многу разгранети со прицврстување на 3 колци (планирано) | 25 бр. * 410 | 10 250.00 |
| 35. | Садење на четинари и зимзелени грмушки | 10 бр. * 110 | 1 100.00 |
| 36. | Садење на листопадни грмушки(планирано) | 30 бр. * 50 | 1 500.00 |
| 37. | Садење на рози | 100бр. * 100 | 10 000.00 |
| 38. | Садење на сезонско цвеќе на веќе припремена површина | 2300бр.* 30 | 69 000.00 |
| 39. | Косење со мулчер(трактор) | 6000м$^2$*5*8 | 240 000.00 |
| 40. | Чистење на корпи за отпад;<br>-по улици низ Општина Пробиштип<br>-Градски Парк<br>-Лесново<br>-детски игралишта<br>- Простор на ул. Македонски Револуционери(камењар)<br>- Простор на ул.Поникива-Злетово<br>-Просторот помеѓу ул.Јордан Стојанов и ул.Гоце Делчев | 150бр*15*40 | 90 000.00 |
| 41. | Промена на чешми на јавни површини | 20бр*500 | 10 000.00 |
| 42. | Поставување ,монтирање и обнова на системи капка по капка на зелени површини и дрвореди | 10 000.м*30.00 | 300 000.00 |
| 43. | Сечење и кроење на дрвја и суви гранки покрај локални патишта во општина Пробиштип | 500бр. * 120 | 60 000.00 |
| | | **ВКУПНО:** | **4 637 311.00** |

**2. Динамика и начин на вршење на работите**

Работите за одржување на јавните зелени површини ќе се извршуваат спрема оперативниот план разработен по месеци за тековната година спрема слични стандарди за одржување.

- рачно чистење на јавни зелени површини се извршуваат секојдневно на сите површини во центарот на градот;
- двапати неделно (по потреба и почесто) ќе се чистат и останатите јавни зелени површини;
- собирање на лисја се врши во период од септември до февруари;
- одржување и нега на тревниците започнува со почетокот на вегетацијата (март) и завршува континуирано до септември;

- одржување и нега на дрвјата во парковите и дрвореди се одвива континуирано во текот на целата година (кастрење, кроење и сл.);
- прихранување со арско ѓубре најмалку еднаш годишно (март);
- садење на дрвја се врши во период на мирување на вегетацијата;
- одржување на украсни грмушки и жбунови се врши континуирано, во фаза на вегетацијата се врши плевење, окопување, кастрење и сл.;
- садење на сезонско цвеќе се врши еден пат годишно, едногодишни врсти во месец април, мај, јуни;
- одржување и нега на сезонски и трајни жардинерии се врши континуирано што подразбира плевење, окопување, полевање и сл.;
- посипани со песок и поплочени површини во паркови и детски игралишта ќе се врши континуирано во текот на целата година;
- косење и уништување на коров и плевел на неуредени површини се спроведува во текот на целата вегетација;
- сечење на стари дрвја;

**3. Вкупно планирано чинење на вака предвидените активности**

Вкупно: **4.637.311.00+ 18%ДДВ = 5.472.027.00денари**

**3. Преодни и завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/15** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** — **Претседател**
**Пробиштип** — **Бојан Серафимовскис.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) а по предлог на Градоначалникот Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
**ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2026 година**

Реализацијата на оваа програма ќе се финансира од комуналната такса за улично осветлување и од други изворни приходи .

На долнава табела е прикажан комплетен преглед на планирани средства по основ на комунална такса за јавно осветлување .

| ТИПОВИ НА ОБВРТЗНИЦИ | KWh | цена | Бр. на обврзници | ден/месец |
|---|---|---|---|---|
| Домакинства | 25 | 175 | 5820 | 1.018.500,00 |
| Објекти на трговски друштва | 50 | 350 | 593 | 207.550,00 |
| 10 KV-тни потрошувачи | 100 | 700 | 4 | 2.800,00 |
| 35 KV-тни потрошувачи | 150 | 1050 | 2 | 2.100,00 |
| | | | за месец | 1.230.950,00 |
| | | | за година | 14.771.400,00 |

Овие сретства се планират да се наменат према расходите планирани во две подпрограми:

Подпрограма ЈА-Изградба и реконструкција на јавно осветлување

Подпрограма Ј3-Одржување на улично осветлување

| I. ПРИХОДИ | | |
|---|---|---|
| 1 | Комунална такса за улично осветлување | 14.771.400,00 |
| | Вкупно: | 14.771.400,00 |
| **II.РАСХОДИ** | | |

| Подпрограма ЈА-Изградба и реконструкција на јавно осветлување | | |
|---|---|---|
| 1 | За изградба и реконструкција на улично осветлување | 3.585.000,00 |
| | | |
| | вкупно | 3.585.000,00 |
| **Подпрограма Ј3-Одржување на улично осветлување** | | |
| 1 | За потрошена електрична енергија. | 5.656.400,00 |
| 2 | За тековно одржување на постојното улично осветлување | 830.000,00 |
| | вкупно | 6.486.400,00 |
| | СЕ ВКУПНО | 10.071.400,00 |

**Состојбата на приходите и расходите е утврдена врз основа на:**

**ПРИХОДИ**

1.Према законот за комунални такси и список на обврзници за комунална такса доставен од ЕВН кој законски е обврзан за наплата на комуналната такса.

**РАСХОДИ**

**ЈА-1 .За изградба и реконструкција на улично осветлување**

Планираните расходи за изградба и реконструкција на мрежа за уличното осветлување во Општина Пробиштип се дадени во следнава табела (без кредитот кој ке биде искажан во буџетот).

| Р.б | Улица | Опис | бр | ед.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Улица Ливашница со должина од 370м | Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со дрвени столбови | 10 | 45.000 | 450.000,00 |
| 2 | Улица Брегалничка со должина од 260м +90м на Скопска | Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со поцинковани метални столбови и спојни елемент | пауш | | 930.000,00 |
| 3 | Улица Осоговска со должина од 110м | Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со поцинковани метални столбови и спојни елемент | 3 | 85.000 | 255.000,00 |
| 4 | Замена на постоечките светилки на плоштад Злетово со енергетско ефикасни и декоративни Лед светилки | Нови светилки и лири на постојните 10 столба | 10 | 25.000 | 250.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Замена на оштетени алумински столбови на ул.Јаким Стојковски, плоштад и градски парк | | пауш | | 250.000,00 |
| 6 | Новогодишно украсување | | пауш | | 1.200.000,00 |
| 7 | Повеќе месни заедници по потреба | Нови сијалични места на постојни столбови со инсталирана мрежа | пауш | | 250.000,00 |
| | | | | вкупно: | 3.585.000,00 |

**Ј3-Одржување на јавно осветлување**

1. За потрошена електрична енергија.

Планираната потрошувачка на електрична енергија е земана врз основа на очекуваната потрошувачка на електрична енергија и цена на електрична енергија во границите од 100-160евра по Мегават.

2.Тековно одржување на постојното улично осветлување

Тековното одржување се однесува на:

-Интервентно одржување по потреба при појава на дефект во поголем размер.

-Редовно одржување со следнава динамика:

-Поправката на самите светилки кој беа предмет на монтажа со проектот за замена на светилките се обврска на изведувачот Елмонд-Скопје.

а)Во градот Пробиштип поради поголемата обемност на градот редовното одржување ќе се подели по населби и тоа:

-Централното гратско подрачје-шест пати во годината.

-Село Пробиштип-четири пати во годината.

-Населба Камењар и сКалниште- четири пати во годината.

-Лиса Гара- четири пати во годината.

Б)Во населените места (селата) трипати во годината и тоа пред селските слави, за секое село посебно, и  дvапати по  четири месеци следствено.

В)Во Злетово четири пати во годината.

Доколку има можност, поправка на уличното ке се врши и по пријава од лица.

-Под редовно одржување се подразбира, вршење редовна контрола и санација на констатирани дефекти .

Напомена:

-Временските термини ќе се усогласат према условите и потребите, во консултација со ЕВН-Кочани.

За  тековното одржување се планирани следниве расходи.

| Материјал за тековно одржување | вкупно материјали со ДДВ |
|---|---|
| Поправка на Разводна мрежа за јавно осветлување | 500.000,00 |
| Поправка на опрема во командни ормари | 150.000,00 |
| користење на специјално возило за промена на светилки | 180.000,00 |
| ВКУПНО | 830.000,00 |

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/16**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општинаПробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) а во врска со член 83, 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен Весник на РМ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008;161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014;56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016; 21/2018; 113/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19), Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржа на ден 09.12.2025 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ**
**во Општина Пробиштип за 2026 година**

Со цел извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип се планира чистење на банкини, патни канали, патниот појас на локалната патна мрежа во општина Пробиштип, кастрење на вегетација и чистење на наноси од земја и песок.

Напред наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината, заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Јавни работи ќе се изведуваат на следните локални патишта и улици:

1. Локален пат Пробиштип – Ратавица - Злетово
2. Улица „Миро Барага"
3. Пешачки патеки во градот Пробиштип
4. Фудбалски и тениски терени во Пробиштип
5. Пешачки патеки и спортски терени во Злетово
6. Локалитет Лесново

Како партнер учесник во реализацијата на планот за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2026 година ќе биде ЈКП „Никола Карев" – Пробиштип, кој ќе придонесе со опрема и механизација за извршување на јавните работи.

За извршување на наведените програмски активности ќе бидат ангажирани најмногу 7 лица со скратено работно време од 4 часа дневно односно 20 часа неделно за период од најмногу 11 месеци. За времето и бројот на ангажираните лица ќе одлучи Градоначалникот во зависност од потребите за вршење на јавните работи. Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на јавен оглас.

Општина Пробиштип како организаторот на јавни работи од буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи кои се однесуваат на алат и опрема, ситен потрошен материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Финанасиски средства потребни за реализација на програмата се:

1. 8 лица x 11 месеци x 16.000 денари надоместок/месец = 1.408.000,00 денари
2. 8 лица x 11 месеци x 1.760 денари персонален данок/месец = 154.880,00 денари
3. 8 лица x 11 месеци x 633 денари осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување/месец = 55.704,00 денари
4. Трошоци за набавка на алат и заштитна опрема (лопати, копачи, колички, елеци, ракавици и сл.) = 60.000,00 денари
5. Вкупно потребни средства за реализација на планот = 1.678.584,00 денари

Бенефитот од реализацијата на оваа програма ке го имаат сите жители на општината која по последниот попис од 2021 год. брои 13.417 жители од кои 6.814 мажи и 6.603 жени .Со програмата се опфатени локални патишта и улици кои поврзуваат поголеми населени места како што е Злетово низ кое се поминува за одење на туристичкото локалитет Лесново каде има голема посетеност од луѓе од други градови како и самиот локалитет.Улицата Миро Барага претставува улица која е регионален пат и не поврзува со Кратово.Додека пешачките патеки во Пробиштип и Злетово ги користат жителите на овие места заради подобрување на здравјето.Фудбалските и тениските терени ги користат помладата популација како за тренинзи во членство во спортски клубови така и рекреативно со цел социјализирање и водење на здрав живот.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/17**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовски с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година со**
**П О Д П Р О Г Р А М А**
**За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА)**

| Ред бр. | Општи Мерки | Цел на активноста | Насоки | Извршители | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **-Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување** | -детектирање на причинаната на загадувањето на водата<br>-известување на потрошувачите и давање соодветни препораки<br>-прекинување или ограничување на испрачувањето на водата<br>-поставување натпис ВОДАТА НЕ Е ЗА ПИЕЊЕ | -опис на водоснабдителни објекти<br>-хлорирање и динамика на водата<br>-анализа на водата | ЈКП „Никола Карев Центри за јавно здравје | 2026 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -спроведување мерки за одстранување на загадувањето -навремено известување на населението за прекин на вода | | | | |
| 2. | **- Отстанување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина** | -заштита на населението и на животната средина со отстанување на отпадните води -собирање на комунален смет од домакинстава та -превентивна заштита на вработените во ЈКП | -начин и дистрибуција на отпадни води, тврдиот и течниот отпад -собирање и динамика на смет, дистрибуција на отпадни води, -задолжителна вакцинација | ЈКП „Никола Карев | 2026 | / |
| 3. | **Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти и** | -одржување на беспрекорни хигиенски услови -следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи -следење на здравствената | -број на детски градинки и училишта -капацитет на деца Број на вработени -формирање комисија за следење на заразни заболувања | ЛС, училишт а , детски градинки , центри | 2026 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **предучилишни и училишни установи** | состојба на учениците<br>-задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишните установи | -правење досие за секое дете<br>-вршење здравствени прегледи на вработените<br>-соработка со здравен дом вакцинации | за јавно здравје | | |
| 4. | **Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението** | -Промоција и здравствена едукација на учениците и вработените за заразните болести | - Соработка со Здравен дом и ЦЈЗ<br>-одредување теми за едукативни предавања | -ЛС, ЦЈЗ,НВО, училишта | 2026 | / |
| 5. | **Превентивна дезинсекција и дератизација** | Спречување на појава на штетници, носители на зарази | -контрола на вектор преносливите болести со посебен акцент на комарци и крлежи<br>-мапирање санација, чистење на терен и отворени канали, исушување на застојни води и бари, соодветно одложување на комунален и друг отпад | ЛС,НВО, ЦЈЗ, | 2026 | 1.000.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | **Систематски преглед на вработените во Општина Пробиштип** | Грижа за здравјето на вработените во Општина Пробиштип | Вршење здравствени прегледи на вработените | ЛС, Избрана здравств ена организа ција | | |
| | СЕ ВКУПНО: | | | | | 1. 000.000,00 |

Средствата за реализирање на програмата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Пробиштип.

Според пописот од 2021 година на Државниот завод за статистика за резидентно население во општина Пробиштип има 13 417 жители од кои 6 814 мажи и 6 603 жени. При планирање на Програмата, земени се во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА)**

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои општина Пробиштип предвидува да ги преземе во 2026 година за заштита на населението од заразни болести.

Заради заштатита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти ( комарци ) , општина Пробиштип ке врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија, ларвицидна и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ке биде прилог кон програмата. Ќе презема мерки на запознавање на населението од

опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти , со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ке се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ке го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци) , општина Пробиштип ке врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места , а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ке се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ке го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2026 година во износ од 1.00.000,00 денари. При планирање на активностите во Програмата, земени се во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност. Според пописот од 2021 година на Државниот завод за статистика за резидентно население во општина Пробиштип има 13 417 жители од кои 6 814 мажи и 6 603 жени.

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2026 ГОДИНА

| Ред.бр. | Мерки за заштита на населението | Временка рамка на преземени мерки | Субјект кој ке ја спроведе мерката | Потребни средства во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација | Јануари | Општина Пробиштип(ЦРИПР), заедно со МЖСПП,ЦЈЗ,АХВ, ЦУК | / |
| 2. | Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на средства за дезинсенција и дератизација | Февруари | ЦЈЗ и општина Пробиштип (ЦРИПР), | / |
| 3. | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Февруари | Општина Пробиштип | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Спроведување на ларвицидна дезинсекција | Март(x 1) | Избран извршител | 35.000,00 |
| 5. | Адултицидно третирање против возрасни комарци на територијата на општина Пробиштип - од земја | Мај( x 1) Јуни (x 1) Јули( x 1) Август( x 1) | Избран извршител | 172.000,00 |
| 6. | Адултицидно третирање против возрасни комарци од воздух на територија на општина Пробиштип | Јули (x 2) | Избран извршител | 613.000,00 |
| 7. | Дератизација | Октомври(x 1) | Избран извршител | 180.000,00 |
| 8. | Печатење на инфо-материјали , дистрибуција и медиумска кампања | Април-Септември | Општина Пробиштип(ЦРИПР), со МЖСПП, АХВ, НВО и др. | |
| 9. | Извештај за спроведени активности | Мај-Декември | Избран извршител до општина Пробиштип (ЦРИПР), | |
| **Вкупно :** | | | | **1.000.000,00** |

Забелешка: Цените се со вкалкулиран ДДВ 18 %.

Подпрограмата е составен дел на Програмата на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година а влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/18-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**

**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната:

**П Р О Г Р А М А**

**За спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2026 година**

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.

Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и

одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Пробиштип настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Пробиштипјани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

Од страна на општина Пробиштип до спортските здруженија кои што ги имаше во програмата за 2026 година, се достави барање во кое општината бара од здруженијата финансиска програма за активности во 2026 година. За сите останати спортски здруженија кои не беа предвидени во програмата за изминатата 2025 година и здруженија кои во меѓувреме се регистрирани упативме јавен повик преку ВЕБ страната на Општина Пробиштип. Од нивна страна беше позитивно одговорено на барањето и до општината беа доставени нивните финансиски програми за активности во 2026 година. Врз основа на доставените програми, а и однапред утврдените критериуми од страна на Одделението за јавни дејности како што се:

- Лига во која се натпреваруваат спортските друштва;
- Настапи на меѓународни, републички, регионални, општински натпревари, првенства, купови, турнири.
- Постигнати резултати
- Опфат на спортисти

Но и со намера спортот во Пробиштип да се развива и омасовување на истиот, гледавме максимум што може од расположивите средства да ги намениме за спортските друштва, за да можат што поуспешно да функционираат.

До Општина Пробиштип Програми доставија четири спортски екипи, едно здружение на училишни спортски друштва, едно спортско риболовно друштво и едно планинарско спортско друштво. Годинава имаме неколку поединци (еден велосипедист, двајца атлетичари и еден боди билдер) кои се занимаваат со спорт, се натпреваруваат и од општината бараат финансиска поддршка. Од скромните средства со кои располага општината, дел од тие активности ќе бидат помогнати од Буџетот на општина Пробиштип, а секако и врз основа на покажаните резултатаи во изминатата година и тоа:

**КК “ПРОБАСКЕТ”**, за да функционира овој спортски клуб во рамки на младите категории (женски и машки), кои што опфаќаат голем број на млади спортистки, а со цел да им помогнеме на младите кошаркари предвидовме средства во износ од ........................................................................................................................40**.000,00 денари**.

**ОК “ ВЕСНА ПРОБИШТИП”** - од причина што опфаќа повеќе категории кои ќе претставуваат идни успешни одбојкари во ОК „ Весна Пробиштип“, од општинскиот буџет се предвидени со поддршка од ........**400.000,00 денари**.

**ФК „РУДАР 1947“** кој веќе пет години пак е на спортската сцена и годинава настапува со една оптимистичака програма и голема намера да се врати на старото место во времето во кое што сееше успеси и имаше одлични резултати, а со самото тоа и претставуваше пробиштипска гордост. Фудбалските младински категрии се обединија сите околу овој наш култен клуб и искрено се надеваме дека од таму ќе произлезат одлични фудбалери, зошто паметиме колку многу млади

фудбалери се произлезени од овој спортски клуб. Од таа причина, а се со цел успешно функционирање на овој бренд на Пробиштип, општината ќе го поддржи со ........................................................................................................................................ **800.000,00 денари**.

**„ЗУСДП“ ПРОБИШТИП** за активности во рамки на училишниот спорт доби поддршка доколку организира спортски настани (републички натпревари и сл.) во износ од ....................................................................................................................................**30.000,00 денари.**

**СРД „ЗЛЕТОВИЦА“** во рамки на своите активности се залагаат за пред се за чиста и здрава животна средина, чисти води и порибување и зголемување на рибниот фонт преку порибување. За успешна реализација на зацртаните активности од буџетот на Општина Пробиштип се предвидуваат средства во износ од ........................................................................................................................................ **100.000,00 денари.**

**„ВАДО КАРАТЕ“ ДО УНИЈА,** карате клубот за поуспешно реализирање на зацртаните активности е поддржан од Буџетот на Општина Пробиштип со средства во износ на.................................................................................................................... **150.000,00 денари.**

**СПД ПРОБИШТИП** во рамки на нивните предвидени активности планираат низа на планинарски тури и акции за расчистување на планински патеки и пошумување на одредени делници за што ќе бидат поддржани од страна на општина Пробиштип со средства во износ од ..........................................................................................**150.000,00 денари.**

**Мото клуб „ЦРНИ ОРЛИ“** за предвидените активности во текот на 2025 година одстрана на Општина Пробиштип е предвиден со ....................................**100.000,00** денари.

**ФК „ЗЛЕТОВО СПОРТ“,** се појави како ново здружение и кое опфаќа голем број на дечиња од Злетово за кои од Буџетот на Општина Пробиштип ќе бидат издвоени ..........................................................................................................................................**100.000,00** денари

Мото Клубот МЦЦ „РИНГ ОФ ФИРЕ“, е релативно нов во спортско здружение за кое за планираните активности од општината ќе бидат поддржани со ..**50.000,00** денари

**Иван Пешовски,** нашиот познат атлетичар, кој со години ниже успеси не само во Македонија туку и на целиот Балкан и подалеку до Општина Пробиштип поднесе мошне амбициозна програма за 2025 година, а ценејќи ги досегашните резултати од општинскиот буџет за неговите активности ќе бидат обезбедени парични средства во износ од........................................................................................................................ **100.000,00 денари.**

**Никола Алексов** е исто така атлетичар кој достави до Општина Пробиштип барање за поддршка на неговите зацртани активности во 2025 година. Спортистот е многу скромен во неговите барања, а ценејќи го сето наведено, општината ќе го подржи со средства во износ од ........................................................................................... **67.000,00 денари.**

**Валери Јованчев** до Општина Пробиштип достави програма за 2025 година во која има намера да се натпреварува во друмски велосипедизам на повеќе локации во Македонија за што од општинскиот буџет ќе биде предвиден со средства во износ од ........................................................................................................................................**67.000,00 денари.**

Неколку планинари интензивно се подготвуваат за да бидат дел од експедиции, воосвојување на познати светски планински врвови. Така **Горан Митков**, се подготвува за освојување на Елбрус, најголемиот планински врв во Русија и во Европа. За него од општинскиот буџет ќе бидат издвоени

средства во износ од ..................................................................................................................60.000,00 **денари**

**Благе Ивановски** и **Клара Бусдоукос** се подготвуваат за освојување на највисоката планина во Африка и највисоката поединечна планина во светот, Килиманџаро. За нив од општинскиот буџет ќе се издвојат.......................................................................... **120.000,00** денари или на двајцата по ...................................................................................................**60.000,00** денари.

**Антонио Зафиров** и **Мики Иванов** се подготвуваат за освојување на врвови на Масивот Монте Роса, кои се високи над 4000 метри, а ќе бидат поддржани од Општина Пробиштип со средства во износ од **120.000,00** денари или **2 x 60,000,00** денари.

Што се однесува до традиционалните **турнири во мал фудбал** кои се одржуваат под покровителство на Општина Пробиштип и тоа: **Илинденски и 28 августовски** за нивна реализација од буџетот на општина Пробиштип се предвидени (Илинденски.......192.000,00 и 28 августовски 297.400,00 денари) или ...........................................................................................................................................**489.400,00 денари.**

Во делот на спортски турнири во мал фудбал, на барање од страна на МЗ на с. Ратавица, и годинава во програма го ставаме традиционалниот **турнир во мал фудбал** што се одигрува **во с. Ратавица по повод верскиот празник „Света Троица**", а од општинскиот буџет ќе биде поддржан со средства во износ од ...................................................................................................................................................**89.000,00 ден.**

За организирање и реализација на **тенискиот турнир "Пробиштип ОПЕН"** , а во чест на 28-ми Август, кој исто така е под покровителство на општината потребно е да се предвиди во Буџетот со средства од .........................................................................................................................................**50.000,00 ден.**

Со цел да им дадеме на значај на сите оние кои што се истакнале на некој начин во спортот, индивидуално или екипно им доделуваме награди на истакнати спортисти и спортски екипи, односно прогласуваме најдобри спортисти во следниве категории:

- Спортист/ спортистка на годината кој се натпреварува во рамки на општина Пробиштип
- Спортист/спортистка на годината кој се натпреварува надвор од општина Пробиштип и
- Спортски клуб на годината.

Според следните критериуми:

Со својата игра се истакнале во текот на целата натпреварувача сезона и постигнале низа на резултати, а со својата игра придонеле во успехот на спортските клубови или како поединци се стекнале со некоја награда. Да се активни спортисти кои имаат значителна минутажа во рамки на спортските клубови. Да се членови на сениорски репрезентативни тимови.

За спортистите се предвидени парични награди во износ од 20.000,00 денари, а за спортскиот клуб 30.000,00 денари, а заедно со организациските трошоци се предвидени вкупно.......................................................................................................**164.700,00 ден.**

Од причина што во текот на годината се случуваат одредени настани кои ние сега во моментот не можеме да ги предвидиме, а се во организација на спортски друштва или институции во Република Македонија, а се од голема важност за развојот на спортската култура во градот, а и

воопшто – промоција на Пробиштип надвор од границите на општината и на државата, за тие настани кои ќе се случуваат инцидентно се предвидени средства за нивна подршка во износ од ........................................................................................................................................**50.000,00 денари.**

За подршка на новоформирани спортски клубови во текот на годината и за нивно профункционирање предвидовме подршка од ...........................**50.000,00 денари.**

Во Програмата за спорт предвидовме и доделување на награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари на спортски клубови или поединци кои имаат истакнати успеси, односно освоени награди на највисоко државно ниво. За таа намена од Буџетот на општината издвоивме.................................. **60.000,00 денари.**

Или табеларно прикажано во делот на барани средства од страна на спортските здруженија и клубови и предвидени средства од страна на општината состојбата е ваква:

**Подпрограма ЛО – Поддршка на спортски клубови и спортски турнири во организација на Општина Пробиштип**

| **Р.б.** | **Планирани активности и проекти** | **Финансирање** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **буџет** | **донација** | **друго** |
| 1 | КК „ПРОБАСКЕТ” | 40.000,00 | | |
| 2. | ОК „ ВЕСНА ПРОБИШТИП“ | 400.000,00 | | |
| 3. | ФК „РУДАР 1947“ | 800.000,00 | | |
| 4. | „ЗУСДП“ Пробиштип | 30.000,00 | | |
| 5. | СРД „ЗЛЕТОВИЦА | 100.000,00 | | |
| 6. | „ВАДО КАРАТЕ“ ДОО УНИЈА | 150.000,00 | | |
| 7. | СПД „ПРОБИШТИП“ | 100.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | МОТО КЛУБ „ЦРНИ ОРЛИ“ | 100.000,00 | | |
| 9. | ФК „ЗЛЕТОВО СПОРТ“ | 100.000,00 | | |
| 10. | МЦЦ „РИНГ ОФ ФИРЕ“ | 50.000,00 | | |
| 11. | Иван Пешовски - Атлетика | 78.000,00 | | |
| 12. | Никола Алексов - Атлетика | 67.000,00 | | |
| 13. | Валери Јованчев - Велосипедист | 67.000,00 | | |
| 14. | ГОРАН МИТКОВ | 60.000,00 | | |
| 15. | БЛАГЕ ИВАНОВСКИ | 60.000,00 | | |
| 16. | КЛАРА БУСДОУКОС | 60.000,00 | | |
| 17. | АНТОНИО ЗАФИРОВ | 60.000,00 | | |
| 18. | МИКИ ИВАНОВ | 60.000,00 | | |
| 19. | Турнир во мал фудбал по повод „2 Август“<br><br>Награди..................................... 140.000,00 | 192.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (1 место ....80.000,00, 2 место ......40.000,00, најдобар голман.....3.000,00, најдобар играч......3.000,00 денари. + персонален данок...............................14.000,00 ден.)<br>Организациски трошоци (дипломи, пехари, фудбали)...................... 18.000,00<br>- Печатење на маици..................10.000,00<br>- Освежителни пијалаци.............10.000,00 | | | |
| 20. | Турнир во мал фудбал по повод „28 Август“<br>Награди.......................................233.400,00<br>(1 место.........150.000,00,<br>2 место........50.000,00,<br>најдобар играч....5.000,00 и<br>најдобар голман.....5.000,00 денари +<br>персонален данок.........23.400,00 ден.)<br>- Организациски трошоци (дипломи, пехари, фудбали)...................... 20.000,00<br>- води...........................................10.000,00 | 297.400,00 | | |
| 21. | Турнир во мал фудбал по повод верскиот празник „Света Троица“ во с. Ратавица<br>Награди.......................................60.000,00<br>Судии - хонорар........................ 10.000,00<br>Пехари/дипломи,<br>фудбали..........10.000,00<br>Персонален данок.........................9.000,00 | 89.000,00 | | |
| 22. | Турнир во тенис<br>Награди........................................42.000,00<br>Водички за освежување............... 3.000,00<br>Трофеи.........................................4.000,00<br>Печатење на дипломи................. 1.000,00 | 50.000,00 | | |
| 23. | Турнир во баскет<br>Street ball | 80.000,00 | | |
| 24. | Избор на спортисти/ ски и спортски клуб на годината<br>Избор на спортист/ска на годината во повеќе категории:<br>Најдобар/добра спортист/спортистка кој/ која се натпреварува во спортски | 164.700,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | клуб или самостално во општина Пробиштип.<br>Најдобар спортист/ спортистка кој/која се натпреварува во спортски клуб или самостално надвор од опшина Пробиштип и<br>Спортски клуб на годината<br>Најдобар спортист/спортистка - во општина Пробиштип.................................22.300,00<br>Најдобар спортист/ спортистка надвор од општина Пробиштип..................................22.300,00<br>Најдобра спортска екипа............33.300,00<br>Трофеи/благодарници/дипломи.20.000,00<br>Коктел..........................................20.000,00<br>Водител на настанот................... 3.400,00<br>Фотограф...................................... 3.400,00<br>Озвуч/осветл/ЛЕД дисплеј..........40.000,00 | | | |
| 25. | Поддршка на спортски манифестации кои ќе се одржат во нашата општина и надвор од општината во други градови на Македонија и надвор од неа. | 50.000,00 | | |
| 26. | Подршка на новоформирани клубови во текот на 2025 година и на поединци - спортисти за искажани активности. | 50.000,00 | | |
| 27. | Награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари | 60.000,00 | | |
| | ***ВКУПНО ЛО:*** | **3.415.100,00** | **4.355.100,00** | **940.000,00** |

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Пробиштип.

Искрено се надеваме дека со доделените средства на спортските друштва и индивидуалните спортисти ќе дадеме голем придонес за развојот на спортот и спортските активности во нашата општина и надвор од неа преку натпреварувањата на клубовите и поединците, а пак тие со своите резултати ќе дадат свој придонес во афирмирањето на општина Пробиштип не само во рамки на границите на државата, туку и надвор од неа.

Општина Пробиштип настојува, секако во рамките на своите можности да организира турнири на кои најголеми конзументи секако се младите, со што сакаме да ги насочиме кон спортот и спортските активности, а воедно сите спортски игралишта и објекти со кои располагаме да ги ставиме во функција на љубителите на спортот и што повеќе да ги користат. Со бесплатното користење на спортските терени, како општина го даваме најголемиот бенефит за развој и унапредување на спортот. Програмата е наменета е за сите 13.417 жители на општина Пробиштип или разделено по род, 6.814 мажи и 6.603 жени
Инаку при планирање на Програмата, се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) член 5, 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и член 15, точка 10 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната:

# ПРОГРАМА
## за активности на општина Пробиштип во областа на заштита и спасување и ревитализација по елиминирање на кризи за 2026 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, ревитализација по настанати елементарни несреќи, ублажување и елиминирање на кризни состојби. Посебен акцент на активностите се дава во противпожарната заштита

(доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз, секциите во училиштата на млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, општина Пробиштип во 2026 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување;
- Регионалниот центар за управување со кризи;
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани-екипи,одделенија);
- Комисија за процена на штети од елементарни и други и други несреќи на територијата на општина Пробиштип;
- Територјалната противпожарана единица која дејствува на целокупната територија на општината а по потреба со доброволните противпожарни друштва, договорните доброволни пожарникари и граѓаните кои доброволно се пиклучуваат во акциите за гаснење пожар, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

Цели на програмата:

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и други видови на непогоди;
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасувањето на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елеиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организизација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

Активности за реализација на програмата:

За реализација и остварување на основните цели на Програмата, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасувањето во услови на разни други водови непогоди,превенција и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во ова насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Пробиштип преку оваа Програма за 2026 година во рамките на своите матeријални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна , техничко стручна обучена, подготвена и опремена единица за противпожарна заштита заедно со доброволните пожарникари и граѓаните.Со тоа ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Пробиштип и другите општини и ке се овозможи развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето,превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

3. Финасирање на програмата:

Финасирањето на активностите од областа на зашштита и спасување, превенција и справување со кризни појави, дејствувањето Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва и Секциите за млади пожарникари Териториjалната противпожарна единица (со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:
Средства од буџетот на општина Пробиштип и Републичкиот буџет, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, домашни и странски фондации (операција ФЛОРИОН и амбасади на државите во РСМ), правни и физички лица, наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид несреќи;

РАСПОРЕД НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА:

а) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | **ПРИХОДИ** | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет од Општина Пробиштип | 620.000 |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | |
| 3 | Приходи од други извори, донации, проекти | 30.000 |
| | Вкупно: 1-3 | 650.000 |

б) Противпожарна заштита, доброволна противпожарна организација и спроведување на други обуки и мерки за заштита и спасување на населението и матријалните добра за побезбедна општина

| | АКТИВНОСТИ | Расходи |
|---|---|---|
| 1. | Организирање и спроведување обука на просторни штабови и единици | 20.000 |
| 2. | Доброволно противпожарно друштво Рудар – уредување на простор и финансиски средства за тековни активности (член 21 став 3 од закон за пожарникарство) . | 150.000 |
| 3. | Општински противпожарен сојуз - организација на квиз натпревари | Без финансиски импликации |
| 4. | Набавка на техничка опрема и средства за гаснење на пожари | 100.000 |
| 5. | Изработка на програмски соджини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентират на класните часови во училиштата | Без финансиски импликации |
| 6. | Набавка на работна униформа (комбинизони и обувки) за гасење полски и шумски пожари за ДПД | 100.000 |
| 7. | Активности за одбележување на 20 мај ден пожарникарството во РСМ | 20.000 |
| 8. | Активности за проектирање, реализација на вежбовните и други активности | Без финансиски импликации |
| 9. | Помош на станарите, стамбените згради - изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секој влез посебно | Без финансиски импликации |
| 10. | Проектни активности - школа за млади пожарникари во соработка со ДПД | 30.000 |
| 11. | Активности на комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | Без финансиски импликации |
| 12. | Надомест за обука, договорни услуги и материјални трошоци на правни и физички лица - учесници во акции за гасење пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 200.000 |
| 13. | Безбедносни проверка на станарите за безбедносна проценка од пожар | Без финансиски импликации |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Отворени трибини за заштита и спасување со гаѓаните од урбаните и рурални средини од подрачјто на општина | Без финансиски импликации |
| 15. | Тактичко - показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | Без финансиски импликации |
| | Вкупно: 1-15 | 620.000 |

**Други форми и активности за побезбедна општина со поддршка и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината**

Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Општинскот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва, Секциите за млади пожарникари по училиштата во општината Пробиштип, кои ги надминуваат границите на територијата на општина Пробиштип, освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе се помагаат и стимулираат и со:
Учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и Општинскиот противпожарен сојуз повразни со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани;
Поддрашка и учество во проектни и друг вид на активности.

Завршни одредби:

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на општина Пробиштип и Одделението за поддршка на градоначалникот.
Соработката и координацијата ќе биде постојана со Просторниот штаб за заштита спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни и сродни институции како органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општината.
Сите институции во рамките на своите законски надлежности заедно со граѓаните ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.
Реализацијата на оваа програма зема осврт кон вклучување на родовата компонента, односно подеднакво ги опфаќа сите жители на општина Пробиштип.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр202/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја донесе следната:

**Тековно оперативна програма за Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2026 година**

Оперативната програма на Оделението за противпожарна заштита во делот за изготвување на буџето на Општина Пробиштип се состои од збир приоритетни потреби кој треба да се постигнат со средства од буџетот на Општина Пробиштип.
Програмата има за цел да го одржи тековното работење на ТППЕ Пробиштип и подобри условите за работа со цел да се зголеми ефикасноста на единицата за 2026 година.

| Р.број | програма | опис | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ј60 | Услуга сервисирање и поправки на возила | 150.000 |
| 2 | Ј60 | Набвка на резервни делови и флуиди за ПП возила | 200.000 |
| 3 | Ј60 | Набавка на хидрауличен алат | 200.000 |
| 4 | Ј60 | Набавка на композитни боци за компримиран вождух | 180. 000 |
| 5 | Ј60 | Трошоци за гориво | 200.000 |
| 6 | ЈЗО | Регистрација на возила | 50.000 |
| 7 | ЈЗО | Уедување на стопански двор(простор ) на ТППЕ | 50.000 |
| 8 | ЈЗО | Интервентна заштитна облека | 350.000 |
| 9 | | | |
| | | **Вкупно** | **1.380.000** |

Изготвил:Оделение за противпожарна заштита
Командир на ТППЕ Милан Терзиќ

Образложение:
1. Ј60-Поради долготрајна употреба , а и поради редовно одржувањепотребо е да се постигне договор за квалитетно и професионално механичарско одржување на возилата који со својата опрема се наши основни средства за работа.
Редовното оржување во смисла на редовни сервиси, и квалитетно замена на дотајани делови треба да бидат извршени од професионална установа која ке гарантира за извршените поправки. Едно возило е под гаранција е мора да се сервисира во овластен сервис .

2.ЊО- Возилата во ТППЕ се се возила који во секој моментреба да се на располагање тие се од постарите генерации на специјални возила и се чести кваровите од различни природи.Затоа има потррреба од редовно одржување и замена на дотрајаните делови.Редовна замена на флуиди и филтри и други делови по потреба.

3.ЊО- Набавка на Хидрауличен алат за , секачи, распињачи и друго со погон на хидраулична преносна пумпа.Оваков алат е неопходен пред се за интервенции во сообраќајот , т.е. сообраќајни несреки и други несреки каде е неопходна интервенција со оваков тип на алат , без употреба на резачки алати поради опасност од настанување пожар при присуство на запаливи материи или друг вид опасност.

4.ЊО-Набавка на композитни боци за копримиран воздух се составен дел од изолационите апарати за заштита на дишните органи на пожарниците.Овие изолациони апарати се обавезни при интервенција во затворен и отворен простор при присуство на чад или други продукти на горењето или други штетни гасови.Постоечките челични боци се

5.ЊО- ТППЕ поседува три ПП возила и две теренски возила. Потрошувачката варира во зависност од интервенциите.

6.ЊО-Учество на обуки и семинари за ЗС , БЗР и ПП заштита.
Поради новите научни достигнување во областа на заштита од пожари, производство на нови генерации на опрема и средства за гасење на пожар, нови искуствени начини и тактики во одредени области на заштита и спасување со користење на нови и постоечки технологии на индустриското производство, земјоделско производство, сообраќај и транспорт неопходно е посетување на семинари, обуки и предавања кој се организираат во оваа област во државата и странство. ТППЕ веке имаше покани за присуство на вакви обуки но поради не обезбедени средства во буџетот изостанаа обуките.
Припадниците на ТППЕ се овластени службени лица во областа на безбедноста на Р.М.и како такви мораат да ги следат новите достигнувања во областа на заштита и спасување и измените во законот за заштита и спасување и безбедности здравје при работа.

7.Њ0-ТППЕ поседува ПП возила и теренски возила.Овие возила учествуваат во сообраќајот и подлежни на регистрирање, осигурување и контрока на исправноста.

8.Њ0-Поради се почести , намерни и не намерни посети на неовластени лица во стопанскиот двор на ТППЕ , како преку ден , а посебно во ноќните саати , преко потребно е да се ограде просторот , да се поставе рампа на влез-излез , да се обележе и означи просторот на ТППЕ.Веке имаме во повеке наврати штети и вознемирувања од неовластени посетители.

Поради недостаток на гаражни места 3 возила се паркирани на отворен простор, што во зимскте денови доваѓа до оштетување на инсталациите поради ниски температури, поради ова често овие возила не се спремни за дејство за намента за кој се наменети.Оштетувањата можат на настанат ипоради присуство на неовластени лица и возила.

9.Њ0-Секоја интервенција на вработните во ТППЕ побарува да извршителите, пожарникарите поседуваат соодветна заштитна опрема, пред се лична заштитна опрема,
Интервентната заштитна опрема која ја бараме се однесува на заштитно одело составено од блуза и панталони кои мораат да бидат од материјал кој максимално ги штити пожарникарите од непосредното делување на пламенот , топлотното зрачење, влага, дожд, снег, ветар и ниски температури.Треба во одреден временски интервал да бидат негорива, водонепропустлива, лесна за облекување и да ја впиваат телесната влага при тешки физички работи.Да ги исполнуваат европските стандарди за заштита и употреба во противпожарнта заштита.потребни се минимум 13 одела.Сегашните заштитни одела се
со постар датум и производителот не гарантира безбедно користење.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/21**
**09.12.2025 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Претседател**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја усвои следната:

## ПРОГРАМА
### за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Согласно законот за социјална заштита дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права од социјална заштита, социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Годишната програма за социјална заштита се изготвува врз основа на социјалниот план на општината, а во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита и истата пред донесување се доставува до Министерството за социјална политика демографија и млади на мислење.
Остварувањето на социјалната заштита, детската заштита се заснова на Законот за социјална заштита, Законот за социјална сигурност за старите лица, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, и др. закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната и детската заштита како и надлежностите на општината дадени со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општина Пробиштип.
Во програмата се имплементираат стратешките приоритети на општината за тековната година но и од мерките утврдени на национално ниво. Се реализираат активности со цел да се придонесе јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица, семејства, општествени групи кои се засегнати од одредени социјални ризици.
Програмата предвидува соработка со ЈУ„Центар за социјална работа", Центар за вработување, Полициска станица, училишта, градинки, Здравствениот дом „Нада Михајлова, ОО„Црвен Крст" и други министерства, установи, институции, НВО и приватен сектор.
Во програмата за социјална заштита за 2026 година се предвидуваат следните активности:

1. <u>АКТИВНОСТИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА</u>

➢ **Помош на социјално загрозени лица и лица во социјален ризик преку доделување на еднократна парична помош.**

**<u>Еднократна парична помош</u>** по однос на поднесено барање согласно правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип со арх.број 26-570/8 од 30.04 2015г и правилникот за дополнување на правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип со број 26-1084/7 од 30.09 2015 година Службен Гласник бр. 36/2015 година. Со овој правилник се утврдува начинот и висината на финансиската помош која се одобрува од Совет на општина Пробиштип по барање поднесени од жителите на општина Пробиштип. Подносители на барањето можат да бидат месните заедници, здруженија на граѓани, Иницијативни одбори, Спортски клубови, лица зафатени од елемнтарни непогоди, болни лица, лица со телесна попреченост, лица изложени на социјален ризик, самохрани родители и др. Вкупно предвидени финансиски средства од **800.000,00 <u>денари</u>**
Еднократна парична помош по однос на поднесено барање од жителите на општина Пробиштип за право на додаток за домување и за жртви на семејно насилство., правилник со број 26-199/16 од 13.02 2024 година. Согласно член 57 од Законот за социјална заштита општините обезбедуваат финансиски средства за право на додаток за домување на материјално и станбено необезбедени

лица, корисници на гарантирана минимална помош. Согласно Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се обезбедуваат финансиски средства за заштита на жртви на семејно насилство. **Вкупно предвидени средства 60.000,00ден**

**Еднократна парична помош од 10.000,00 ден** по однос на поднесено барање за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок (Дете со попреченост во смисла на Законот за заштита на децата е дете со тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој; умерена, тешка или длабока ментална попреченост,најтешки облици на хронични заболувања; најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице; практично глуво и тотално глуво лице; лице со потполно отсуство на говорот,лице со тешко оштетен говор поради детска парализа,лице со аутизам, лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор , Даунов синдром и повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот) , од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип. За реализација на оваа активност да се изготви правен акт.

**Еднократна парична помош од 10.000,00 ден** по однос на поднесено барање за корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст (тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице), од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип. За реализација на оваа активност да се изготви правен акт.

**Еднократна парична помош од 10.000,00 ден** по однос на поднесено барање за лицата во социјален ризик -приматели на гарантирана минимална помош од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип. За реализација на оваа активност да се изготви правен акт.

**Еднократна парична помош од 10.000,00 ден** по однос на поднесено барање за корисници на социјална сигурност на старите лица од Центар за социјална работа . За овие мерки се предвидува реализација во текот на годината во зависност од потребата на корисникот.

За горенаведените мерки корисниците можат да поднесат барање само еднаш во годината и за една мерка.За реализација да се изготви правен акт. **Вкупно предвидени средства 2.200.000,00 ден**.

- По повод 3-ти декември Меѓународниот ден на лица со попреченост традиционално Градоначалникот го посетува Дневниот центар за лица со телесна или ментална попречност и училиштата каде има инклузирани ученици и им доделува ваучер за дидактички материјали, играчки , школски прибор и др во согласност со нивните потреби. **Вкупно предвидени средства 70.000,00 денари**
- Субвенција во износ до 500 ден на сметки за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев“за лицата корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип.

**Вкупно предвидени средства 170.000,00денари**

**Вкупно предвидени финансиски средства за активности од областа на социјалната заштита**

1. Еднократна парична помош по однос на поднесено барање...**<u>800.000,00ден</u>**
2. <u>Еднократна парична помош</u> по однос на поднесено барање за право на додаток за домување и за заштита на жртви на семејно насилство....**<u>60.000,00 ден</u>**
3. Одбележување на 3-ти Декември –**Меѓународен ден на лица со попреченсот .....70.000,00 ден**

4. **Еднократна парична помош од 10.000,00 ден** по однос на поднесено барање за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок за корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години за лицата во социјален ризик -приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија од Центар за социјална работа ........**2.200.000,00ден**

5. Субвенција на сметки во износ до 500 ден за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев"за лицата корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип.....**170.000,00ден**.

**ВКУПНО 3.300.000,00 ден**

2. АКТИВНОСТИ ВО ДЕТСКА ЗАШТИТА

➢ Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип за згрижување на деца на самохрани родители согласно Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоци за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавни установи за деца. Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка. **Вкупно предвидени средства 30.000,00 денари**

➢ Остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип согласно донесен Правилник од совет на општината со број 26-141/7 од 08.02 2019г. **Вкупно предвидени средства 50.000,00 денари**

➢ Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 70.000,00 ден. Да се направи измена на Правилник со број 26-1212/18 од 22.12 2023 година за остварување на ова право.

Висината на партиципацијата е согласно правилникот за утврдување на цените на услугите на детската градинка или по 1490 ден месечно за дете. Предвидуваме средства за наредна година според бројка на деца запишани од доставениот извештај за месец октомври , а тоа се 130 деца но оваа бројка е променлива. **Вкупно предвидени средства 2.400.000,00 денари**.

➢ Еднократна парична помош од **8.000,00 ден** за секое новороденче чии родители/старатели според лична карта се во место на живеење во општина Пробиштип.

( Барањето за остварено право на еднократна парична помош за новороденче се поднесува до општина Пробиштип , до Одделение за јавни дејности на посебен образец барање и во прилог на барањето се доставуваат потребните документи на разгледување и изготвување на решение за остварено право согласно Правилникот за утврдување на критериумите , условите и потребната документација за остварување право на еднократна парична помош за новороденче со број 26-886/12 од 27.12 2024 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.13/24)

**Вкупно предвидени средства 600.000,00 денари**

➢ Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта согласно Одлука со број 26-80/14 од 26.01 2024 година . Учениците

секој ден ќе добиваат оброк во училиштето што е мошне значајно за содавање на навики за здрав начин на исхрана од најмала возраст.
Начинот на организирање на исхрана на децата на возраст од 6-10 години, утврдувањето на критериумитеи условите за остварување на право на бесплатен топол појадок се утврдени со Одлука со број 26-80/14 од 26.01 2024 година. И измена на Одлука со број 26-92/10 од 27.01 2025 година.
Согласно Одлуката цената на појадокот ја утврдува детската градинка и ја доставува до Совет на општина Пробиштип на годишно ниво заради добивање на согласност. За оваа мерка предвидваме финансиски средства заклучно со месец јуни 2026 година ( декември 2025-јануари-февруари-март-април-мај-јуни). **Вкупно предвидени средства 2.200.000,00 денари**

➢ <u>Додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “ Пробиштип.</u> Целта е да се помогне на домаќинствата заради покривање на дел од трошоците поврзани со школување на децата но и да се даде мотив на учениците да го продолжат образованието во Пробиштип и да се запишуваат ученици во средното училиште во општина Пробиштип. Редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче Пробиштип ќе добиваат месечно по 2000 денари во период од 9 месеци, т.е додека трае школската година. За оваа мерка Советот на општина Пробиштип има донесено Одлука за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче“ Пробиштип со бр 26-199/18 од 13.02.2024 (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.2/2024 година) и измена на Одлуката за изменување на Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче“ Пробиштип со бр 26-675/8 од 30.09.2024 (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.9/2024 година) обезбедувајќи им еднаков пристап за сите ученици кои ќе се запишат во Пробиштип.

Се предвидуваат средства за учениците запишани во прва година за учебната 2025-2026 година за месеците (декември-јанауари-февруари-март-април-мај) **1.100.000,00 ден.** Се предвидуваат средства за учениците запишани во прва година за учебната 2026-2027 година и тоа за месеците (септември-октомври-ноември). Вкупно средства за учениците запишани во 2026-2027 година се за 3 месеца и тоа **600.000,00 ден.** Вкупно средства за учениците запишани во прва година за учебната 2025-2026 година и за учениците запишани во прва година за учебната 2026-2027 година се **<u>1.700.000,00 ден</u>**

**Вкупно предвидени финансиски средства од областа на детската заштита**

1. Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип за згрижување на деца на самохрани родители......................**<u>30.000,00ден</u>**
2. Остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип...................**<u>50.000,00ден</u>**
3. <u>Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 70.000,00 ден</u>.**Вкупно предвидени средства <u>2.400.000,00 денари</u>**.

**4.** Еднократна парична помош од **8.000,00 ден** за секое новороденче чии родители/старатели според лична карта се во место на живеење во општина Пробиштип........................................ **600.000,00 денари**.

**5.** Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта . **2.200.000,00 денари**..

**6.** Додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “ Пробиштип.......**1.700.000,00ден**

**ВКУПНО 6.980.000,00 ден**

3. ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во текот на 2026 година ќе се направи мапирање со цел да се видат проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченосот од инфраструктурен аспект. Ќе се утврдат потребите и ќе се покрене иницијатива за решавање на проблемите, отпочнување на постапки за изградба согласно финансиските можности а во соработка со граѓански организации, министертсва, институции, одделнието за комунални работи и одделението за урбанизам.

4. СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

- Мерките на социјална превенција се реализираат за заштита од социјални ризици и опфаќаат превентивни увиди кај социјално ранливите групи , организрање на едукативни предавања и настани во соработка со министертсва , институции, граѓански организации , ЈУ Центар за социјална работа и др. Мерките може да се реализраат и во соработка со граѓански организааци кои ќе бидат поддржани финансиски преку одделение за ЛЕР.

-Едукативни предавања , работилници во градинката со родителите на децата од предучилишна возраст
-едукативни предавања во областа на здравствената заштита за децата од најрана возраст . Целта е да се стекнат со навиките за важноста на личната хигиена и сл.
-едукативни предавања во училиштата на тема Трговија со луѓе и семејно и врсничко насилство
-Едукативни предавања за запознавање правата , мерките и услугите од областа на социјалната заштита.

5. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ

- Поддршка на активности на здружение на лица со оштетен вид. По повод Меѓународниот ден на белиот стап на Здружение на лица со оштетен вид каде членуват и жителите од општина Пробиштип се предвидува паричен надоместок од **30.000,00 ден** за реализација на активноси и одбележување на овој ден согласно доставено барање од Здружението со број 18-990/2 од 30.10 2025 година

**Вкупно предвидени финансиски средства за активности за намалување на социјалната исклученост**

**1.** Финансиска поддршка на Здружение на лица со оштетен вид за реализација на активности а по повод по повод Меѓународниот ден на белиот стап **30.000,00ден**

**ВКУПНО 30.000,00ден**

6. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Социјална услуга во домот-Помош и нега во домот ќе се дава од страна на давателот на социјалната услуга - Општинската Организација на Црвен Крст Пробиштип во општина Пробиштип и општина Кратово.

Согласно член 159 од Законот за социјална заштита со склучување на управен договор се уредува обезбедувањето на социјалната услуга. Оваа услуга во 2026 година ќе продолжи да се дава во двете општини со финансиски средства од Министерство за социјалан политика , демографија и млади .Ангажирани се 20 лица кои ги вршат основите и инструментални активности согласно Закон за социјална заштита (одржување на домот, чистење, готвење, пазарење, перење, пеглање, поддршка во извршување на секојдневните активности, прошетка, комуникација со матичен лекар, придружба на рутински контроли кај матичниот лекар, набавка на лекови, мерење на шеќер во крвта и мерење притисок).Со овој проект се опфатени крајни корисници од Општина Пробиштип и Кратово вклучувајќи ги и руралните средини, стари и изнемоштени лица, лица со намален функционален капацитет да им се олесни секојдневното функционирање преку услугата помош и нега во домот преку добивање на основни и инструментални услуги. Им се овозможува социјално здравствена услуга (мерење на шеќер во крвта и крвен пристисок). Со оваа услуга и во двете општини се овозможува грижа на возрасните во домашни услови, олеснување во непречено извршување на домашните активности, поддршка во нивниот социјален живот од страна на сертифицирани лица негуватели/ки оспособени со вештини и компетенции кои ќе се обучат за давање на грижа на старите лица, давање на основните здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои не се во состојба да се грижат сами за себе. Од страна на Општинската организација на Црвен крст Пробиштип добиено е барање дека поради зголеменета потреба, е во план да поднесе барање за проширување на услугата до Министерството за социјална политика, демографија и млади, за ангажирање на дополнителни 10 негуватели (по пет во секоја општина Пробиштип и Кратово), како и еден нов координатор.

Општинската организација на Црвен крст Пробиштип може да обезбеди финансиски средства за координаторите, а од општината бара поддршка за обезбедување средства за лиценцирање на новите негуватели каде
цената за лиценцирање на еден негувател изнесувала 24.000 денари . Општина Пробиштип за лиценцирање на новите негуватели со што ќе се задоволат потребите на повеќе жители во оваа програма го поддржува барањето на Општинската Организација Црвен Крст Пробиштип од 120.000,00 ден за финансиска поддршка за лиценцирање на негуватели. Предвидени финансиски средства од проектни активности за социјалната услуга Помош и нега во домот **Вкупно 120.000,00 ден**

- **Спроведување на обука за негувателите и воспитувачите во детската градинка да работат со деца со попреченсот** . Оваа активност ќе се реализира во соработка со граѓански организации, министерства, институции и др.
- **Опремување на ресурсна соба, дефектолошко катче во училиштата** каде има ученици со попречност инклузирани во редовна настава.. Оваа активност ќе се реализира во соработка со гражански организации, министерства , институции , донации и др.

## 7. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Општина Пробиштип има изготвен стратешки документ -Социјалниот план за 2022-2025 година кој е направен со поддршка на Ептиса и со членовите на Општинскиот совет за социјална заштита кои учествуваат во изготвување на оваа програма. Во текот на 2026 година се предвидува избор на нови членови на СЗС и нов социјален план кој ќе биде изработен преку социјално мапирање, консултација со клучни институции, организации, здруженија на граѓани кои работат на полето на социјалната заштита. Ќе бидат спроведени интервјуа, ќе бидат вклучени членовите на Општинскиот совет за социјална заштита (претставници од релевантни институции, полиција, здравство, образование, детска заштита, Центар за вработување Пробиштип, Центар за социјална работа, здруженија на граѓани), секој од нив од доменот на своето работење ќе придонесе со преглед и анализа на состојбите во институцијата и ќе даде предлози за понатамошна акција а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој ќе се овозможи поквалитетен живот на нашите сограѓани
- Општинскиот совет за социјална заштита учествуваше во изготвување и усвојување на годишна програма за социјална заштита.

Средствата за реализација на програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пробиштип со можност  и др.средства од грантови и донации.

**Финансиска рамка на програмата за социјална, здравствена и детска  заштита за 2026 година**

| рб | Планирани активности и проекти | Финансирање | | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| | | Општински буџет | донација | |
| 1. | Вкупно предвидени финансиски средства за активности  од областа на социјалната заштита | 3.300.000,00 | | |
| 2. | Вкупно предвидени финансиски средства за активности  од областа на детската заштита | 6.980.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 3. | Вкупно предвидени финансиски средства од проектни активности | 120.000,00 | | |
| 4. | Вкупно предвидени финансиски средства на Здружение на лица со оштетен вид за реализација на активности а по повод по повод Меѓународниот ден на белиот стап | 30.000,00 | | |
| *ВКУПНО :* | | 10.430.000,00 денари | | |

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ЗА 2026 ГОДИНА

| Наслов на програмата: Програма на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво | |
|---|---|
| Град/општина | Пробиштип |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за јавни дејности<br>Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво |
| **Вид на програмата** | Хоризонтална<br>☐ Вертикална |

| | |
|---|---|
| **Правна основа** | ✓ Законски обврски (локална самоуправа, закон за темата/областа, ЗЕМ, дискриминација и сл)<br>✓ Закон за локална самоуправа, Закон за правда на децата, Закон за еднакви можности<br><br>✓ Државен Совет за превенција на детско престапништво<br><br>✓ Национална Стратегија за превенција и правда за децата 2022-2027 |
| **овед/опис на програмата** | Програмата на Општинскиот совет за превенција на детското престапништво се заснова на **три основни столба: I. институционална соработка, II. едукација и III. психолошко-социјална поддршка. Овие столбови претставуваат клучни предуслови за ефективна превенција од детско престапништво со акцент на зајакнување на менталното здравје, кое е тесно поврзано со проблематиката.**<br>I. **Институционалната соработка** подразбира интегрирано делување на сите релевантни локални институции во спроведувањето на програмата.<br>II. **Едукацијата** вклучува организирање предавања, дискусии, кампањи, работилници и интерактивни активности, насочени кон подигање на свеста и стекнување на знаење и вештини.<br>III.**Психолошко-социјалната поддршка** се однесува на ангажирање на стручни профили на луѓе од локалната заедница за пружање на емоционална поддршка, социјална инклузија и јакнење на личноста на децата.<br>❖ **Институционалната соработка** – со цел за реализирање на предвидените активности Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво ќе ја продолжи веќе воспоставената соработка и координација со институциите на локално ниво како МВР Пробиштип, Јавна Установа Центар за Социјални работи, основните општински училишта и средното општинско училиште.<br>❖ **Едукацијата** ќе опфати предавања за превенција од пороци и ризични однесувања кај децата и кампањи на социјалните мрежи, како и информирање за законските |

| | |
|---|---|
| | мерки според Законот за правда на деца при вршење на престапи од деца.<br>**Психолошко-социјалната поддршка е со фокус за подигање на свеста** кај децата за правилно и одговорно користење на дигиталните платформи, заради високиот степен на влијание за појава на негативно однесување, а со тоа и потенцијал за вршење на детско престапништво. Исто така ќе бидат опфатени обуки за негативното влијание на игрите на среќа врз децата бидејќи е важно да се превенира за да се спречи нивната употреба подоцна во животот. Игрите на среќа имаат влијание врз менталното здравје и можат да поттикнат несоодветно однесување.<br>Истражувањата покажуваат дека причините за детското престапништво произлегуваат од повеќе фактори, а овде ќе се земат во предвид оние кои се дел од современиот начин на живот.<br>Така фокус се става на технологијата и нејзиното сѐ поголемо влијание врз севкупниот живот, особено подемот на вештачката интелигенција во склоп на нереално креирани содржини кои се дел од платформите што ги користат децата, што носи свои ризици и потреба за едукација за правилна употреба и заштита.<br>Втората значајна тема во рамки на психолошко-социјалната подршка на кое ќе се работи е развој на емоционалната интелигенција или подобрување на управувањето со личните емоции.<br><br>**Анализата на националните и меѓународните извештаи** покажува дека детското престапништво претставува континуиран и сериозен проблем во локалните заедници. Поради тоа, многу е важно да се подигне нивото на рана идентификација на ризиците и да се спроведуваат ефикасни превентивни мерки. Државниот совет за превенција на детското престапништво спроведува годишни програми и акциски планови кои се фокусираат на континуирана соработка со општинските совети за превенција, обуки и едукација. Овде се нагласува потребата од јакнење на општинските совети во мапирање на проблемите со детското престапништво и превенција за нивно намалување и спречување. Овие мерки се дел и од Националната стратегија за превенција и правда за деца (2024-2027) и се клучни за обезбедување безбедна средина за развој на децата. |

| | |
|---|---|
| | **Актуелно** во нашата општина е што во континуитет се реализираат предавања и едукативни кампањи за превенција на детско претстапништво преку  Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во општина Пробиштип кој се формираше во текот на 2017 година согласно Одлуката која се објави во Службен гласник на општината. Општинскиот совет за превенција на детско престапништво се формираше како тело што има за цел да координира и превзема локални активности за превенција на детското престапништво преку соработка центарот за социјални работи, МВР во Пробиштип, образовните институции и други релевантни субјекти.<br>Советот има обврска да носи програми и планови за превенција, да следи нивна имплементација и да врши евалуација на ефектите од превентивните активности.<br>Овој процес може да се подели на следните **локални ресурси и правни темели:**<br>**Човечки ресурси** за реализација на Програмата:<br>Членовите на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво, стручната служба од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа, стручните служби од училиштата, лица од НВО сектор<br>**Правна основа** и тело за спроведување на Програмата<br>Одлуката на Советот на Општина Пробиштип од 2017 година за формирање на Општински совет за превенција од детско престапништво, е една од **инструментите** со кои се постави цврстата основа за реализирање на активности насочени кон заштита на правата и интересите на децата од нашата општина. Оваа Одлука овозможува спроведување на конкретни мерки на локално ниво, согласно **Законот за правда за децата**, со кој државата постигна усогласеност со меѓународните стандарди за правда за децата. Со овој Закон се уредуваат и мерките на помош и заштита на децата жртви на дејства, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.<br>**Целта** на Законот е да го заштити приоритетниот интерес на детето, спречувајќи го криминалот, насилството и секој облик на нарушување на неговите слободи и права. Законот обезбедува услови за **целосен и правилен развој на децата,** третирајќи како приоритет и заштитата на децата сторители |

| | |
|---|---|
| | на дела квалификувани како кривични или прекршочни активности, преку нивна социјализација, воспитување и ресоцијализација, со цел спречување на повторување на престапите. Правата и слободите на детето се не само **уставно загарантирани** во Република Северна Македонија, туку и строго заштитени преку **Конвенцијата за правата на детето** и останатите меѓународни договори кои го дефинираат достоинството и статусот на детето.<br>Заштитата, воспитувањето, ресоцијализацијата и оптималниот раст и развој на детето претставуваат фундаментален приоритет и цел на националните и локални политики и дејства.<br>**Општинскиот Совет** за превенција на детското престапништво работи според усвоен **Деловник** што ја регулира процедурата за неговото конституирање и функционирање. Според Деловникот, Советот се обврзува **еднаш годишно да изготвува Годишна програма**, која се усвојува од страна на Советот на општината и опфаќа следење на состојбите во областа на детското престапништво, иницирање мерки за нивно подобрување, како и развој на програми за активно вклучување на заедницата во превенцијата и третманот на деца сторители на кривични дела и прекршоци предвидени со закон. Дополнително, еднаш годишно, Општинскиот Совет поднесува **извештај за спроведените активности до Државниот Совет за превенција** на детското престапништво.<br>**Буџетирањето** на оваа Програма ќе биде родово одговорно што подразбира вклучување на **родовата перспектива во сите фази** на предвидувањето на финансиските средства. Ова значи обезбедување и распределбата на ресурси кои ги земаат во предвид финансиска подршка на активностите насочени подеднакво и на **девојчиња и момчиња, како и на деца со посебни потреби.**<br>**Актуелни светски практики и трендови** за превенција на детско престапништво во 2025 година се засноваат на неколку клучни принципи и иновации:<br>-работа со деца во рана возраст, за идентификација и управување со ризик-факторите уште од најрана возраст<br>-активно вклучување и јакнење на семејството, обезбедување стручна, психолошка и социјална поддршка за родители и старатели. |

| | |
|---|---|
| | -училишта, центри за социјална работа, полиција, невладини организации кои заеднички работат за превенција — преку едукативни и рекреативни програми, менторство и поддршка на младите во ризик.<br>- спроведување програми за како советување, медијација и надзор на младинци<br>- социјална инклузија преку образование, стекнување на вештини, спорт, волонтерство – се настојува децата да се активни членови на заедницата и да се развиваат добри односи со врсници и професионалци. |
| **роцес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Програмата за Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво се изработува од страна на **Претседателот** на Општинскиот Совет за превенција на детското престапништво и се гласа од сите членови на ова тело, а потоа се **предлага** на **Советот на општината.**<br>Програмата за превенција на детското престапништво потоа се усвојува на Советот на општината.<br>Во текот на 2026 година ќе се спроведат нови активности, додека претходно започнатите ќе бидат целосно завршени до крајот на тековната година, согласно усвоената Програма. Во случај на појава на потреба за дополнување или унапредување на Програмата за 2026 година, врз основа на проценките на членовите на Општинскиот совет за превенција на детското престапништво, како и поради новонастанати потреби и промени во заедницата, Програмата може да биде ревидирана и соодветно адаптирана.<br><br>Во рамки на програмата, најпрво ќе се изврши **анализа** и **мапирање** на областите на делување, односно идентификација на **најкритичните точки** поврзани со детското престапништво.<br>Ова ќе биде поврзано со активностите на **истражувачката** работа, кои се потребни за програмата и ни даваат насоки каде постои најголема потреба од конкретни интервенции и активности. |
| **ел на програмата или цели и опис** | **Целта на Програмата е:** Намалување на детското престапништво на територијата на општина Пробиштип и |

| | |
|---|---|
| | интегрирање на родовата компонента за обезбедување еднаков пристап до превентивни мерки и поддршка за сите деца.<br><br>**Подцелите на Програмата се следните:**<br>- Зајакнување на институционалната соработка на локално ниво во насока на превенција на детското престапништво,<br>- Подигање на свеста и едукација за детско престапништво, последици, казни и мерки<br>- Овозможување пристап до психолошко - социјална подршка за деца и професионалните служби во рамки на институциите |
| **ерки (или тематска област)** | Во следниот дел се наведени неколку клучни МЕРКИ (тематски области) на Програмата:<br><br>**Мерка 1: Обезбедување техничка поддршка преку изработка и дистрибуција на документи и протоколи**<br><br>**Мерка 2: Унапредување на институционалната соработка помеѓу локалните образовни, социјални служби, полиција и граѓански организации, за заедничка превенција и намалување на случаите на детско престапништво**<br><br>**Мерка 3: Истражувачка работа за идентификување на факторите и трендовите на детското престапништво**<br><br>**Мерка 4: Систематска едукација преку разни форми на предавања, јавни кампањи и интерактивни активности**<br><br>**Мерка 5: Изградба на сеопфатен систем за психолошко-социјална поддршка на децата за одржување на стабилно ментално здравје** |
| **чекувани резултати од мерките** | ✓ Намален број на случаи на детско престапништво во општината.<br><br>✓ Унапредени знаења кај децата и службите во образованието за детското престапништво, законските мерки и казни поврзани со него. |

| | |
|---|---|
| | ✓ Зајакната институционална соработка и координација меѓу релевантните субјекти во заедничките активности за превенција на детското престапништво.<br><br>✓ Подобрено ментално здравје и емоционална стабилност кај децата преку системска психолошко-социјална поддршка.<br><br>**Целта на Програмата** ќе се смета за остварена со значително намалување на бројот на престапи извршени од деца. Дополнително, ефектите од применетите мерки ќе се одразат во унапредено знаење и разбирање на детското престапништво, релевантната законска регулатива и применливите казнени мерки.<br>Програмата ќе овозможи континуирана соработка помеѓу надлежните институции и нивна поголема посветеност на активности насочени кон превенција на детското престапништво.<br>Исто така, посебен акцент ќе се стави на промовирање и поддршка на стабилното ментално здравје на децата, како клучен предуслов за здрав развој и спречување на нивна вклученост во престапништво.<br><br>Програмата ќе обезбеди **рамноправно** вклучување на момчињата и девојчињата, деца во социјален ризик и деца со посебни потреби во сите обуки, кампањи и активности поврзани со едукацијата за детското престапништво, како и во активностите за здравствена заштита. Исто така, ќе се обезбеди еднаков пристап и активно учество на жените и мажите во мерките за унапредување на сопственото здравје и превенција од здравствените ризици.<br><br>**Краткорочните** резултати од програмата за превенција на детското престапништво вклучуваат зголемено знаење и свест кај децата и целокупната локална заедница за причините и последиците од детското престапништво, со реализацијата на конкретни превентни активности насочени кон намалување на ризикот од вклучување на децата во престапи. Во овој период се очекува и подобрена **меѓуинституционална соработка** и воспоставување на механизми за континуирани активности за превенција на ризични однесувања кај децата. Краткорочните резултати ќе |

| | |
|---|---|
| | покажат дека во сите активности на програмата подеднакво се вклучени и момчињата и девојчињата, децата во социјален ризик, деца со посебни потреби, како и жените и мажите во соодветните активности, со евиденција преку списоци за присуство. Ова ќе овозможи докажување за родово инклузивна примена на мерките и зајакнување на превенцијата на детското престапништво преку активна вклученост на сите засегнати страни.<br>**Долгорочните резултати** од програмата за превенција на детското престапништво значат систематско и одржливо намалување на стапката на детско престапништво. Исто така, овие резултати вклучуваат значајно унапредување на знаењата и свест за последиците од детско престапништво, како и знаења за здравствената заштита кај жените и мажите, но и континуирана грижа за здравјето и одржување на превентивните здравствени мерки. Овие долгорочни ефекти придонесуваат кон создавање на стабилен и одржлив систем за превенција и заштита на децата, како и зајакнување на капацитетите на институциите во нивната улога на поддршка и превенција<br>Долгорочното влијание се манифестира во создавање на општа позитивна клима која ги поддржува правата на детето, превенцијата и раната интервенција, со што се овозможува здрав и квалитетен развој на децата, намалување на престапите и интеграција на децата во општеството. Долгорочните резултати од превентивните активности за здравственат заштита ќе се согледаат во намалување на процентот на здравствени интервенции кај жителите. |
| **изици** | Ризиците за реализација на програматаби се однесувале на недоволна соработка или ангажираност на релевантните институции, слаба мотивација и ниско учество на целната група и недоволна мотивација и учество во предвидените активности на членовите на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво (ОСПДП) |
| **уџет на програмата и извори на финансирање** | **21.500 мкд од буџетот на Општина Пробиштип** |
| **ледење и известување/евалуација** | Координаторот на ОСДП од одделението за јавни дејности ќе го следи извршувањето на Програмата, според однапред подготвен план за мониторинг.<br>Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво изработува извештај најмалку еднаш годишно, кој се |

| | |
|---|---|
| | доставува до Советот на општина Пробиштип и до Државниот Совет за превенција на детско престапништво.<br>Податоци за индикаторите може да се добијат од самите евиденции од институциите и организации кои директно работат со деца, МВР, ЈУ Центар за Социјални работи, останатите социјални служби и здравствените установи.<br><br>Мерењето на нивото на задоволство на корисниците ќе се реализира со дистрибуција на евалуационен лист на учесниците во активностите.<br>Промоцијата на реализираните активности ќе се спроведува преку социјалните мрежи и локалните публикации.<br><br>Ефикасноста и ефективноста ќе се мери преку редовно собирање и анализа на податоци за извршените активности и постигнатите резултати во однос на поставените цели, следење на резултатите за намален број на случаи на детско престапништво од евиденцијата во МВР и ЈУ Центар за социјални работи, број на реализирани здравствени прегледи и разговор со фокус групи за здравствената состојба.<br>Континуирано ќе се вршат ревизии и самопроценки за да се утврдат слабостите и можностите за подобрување. |
| **авршни и преодни одредби** | |

| Активност | Индика тори | Резултати | Временс ка рамка | Буџет | Носител на активност | Забеле шка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на Годишен извештај за работењето на Општински от Совет за превенција од детско престапни штво за 2025 година | Бројот на превентивни мерки и активности спроведени во текот на годината. | Изработен Годишен извештај за работата на Општинскиот Совет за превенција од детско престапништв о како и за состојбите во областа на правата на детето и детското | Април 2026 | 0 | Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | престапништво | | | | |
| Разгледување и усвојување на Годишниот извештај на седница на ОСПДП | Број на разгледани и дискутирани предлог-содржини за Годишниот извештај Број на дадени забелешки, предлози и усвоени измени | Изгласан Годишен Извештај на Состанок на ОСПДП | Април 2026 | 0 | Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво | |
| Доставување на Годишниот извештај за 2026 година до Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца | Потврда за прием од страна на Државниот совет<br><br>Датум на доставување на извештајот | Доставен Извештај до Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца | Мај 2026 | 0 | Координатор на Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво | |
| Усвојување на Годишниот извештај за 2026 година до Совет на Општина Пробиштип | Број на гласови ЗА и Против<br><br>Објавување во Службен Гласник на Општина Пробиштип | Усвоен Извештај до Совет на Општина Пробиштип | Мај 2026 | 0 | Координатор на Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво | |
| Објавување на Годишниот извештај за | Прикачен, видлив и достапен годишен | Објавен Годишен извештај на официјалната | Мај 2026 | 0 | Лице по информатички технологии при | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2026 година на веб страната на Општина Пробиштип | извештај на веб страната на општина Пробиштип | веб-страница на општината | | | Општина Пробиштип | |
| Состанок за координација со избраните здруженија на граѓани на Јавен повик за реализација на активностите | Број на одржани координациски состаноци со здруженијата избрани преку Јавен повик<br>Број на присутни организации/ претставници на состанокот<br>Записник од состанокот со договорени активности и обврски | Одржан состанок со здруженијата на граѓани | Декември 2025 | 0 | Координатор и Заменик координатор на ОСПДП и Раководител на ЛЕР | |
| Состаноци со директорите на општинските основни училишта и општинското средно училиште, претседателите и членовите на училишните одбори и на советите на | Број на идентификувани главни проблеми во областа на детското престапништво<br><br>Записници од состаноците со дефинирани проблеми на престапништво | Креирана база на податоци со проблеми на детско престапништво со причините за појавата<br><br>Поставени приоритети за понатамошни превентивни активности согласно | Јануари-феврури 2026 | **500** мкд | Координатор и Заменик координатор и Претседател на ОСПДП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| родители за мапирање на главните проблеми со детското престапништво | Број на вклучени училишта, одбори и совети на родители во процесот на мапирање | мапираните проблеми | | | | |
| Организирање состаноци со претставниците од МВР Пробиштип и ЈУ Центар за социјални работи членови и соработници на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво | Записници или извештаи од состаноците<br><br>Број на присутни членови запишани во список за присуство<br><br>Поделени задачи за програмските активности на ОСПДП | Зајакната координација и партнерство меѓу Општинскиот Совет, МВР и Центарот за социјални работи<br><br>Утврдени заеднички активности за превенција на детското престапништво<br><br>Размена на информации и искуства помеѓу институциите | Еднаш месечно во текот на целата година | 500 мкд | Претседател на ОСПДП | |
| Состаноци со граѓанските организации -во текот на имплементацијата на програмски | Број на одржани состаноци Списоци за присуство<br><br>Записник од одржаните состаноци | Јасно дефинирани улоги, одговорности и задачи за секоја организација во имплементацијата | Еднаш месечно во период од февруар и до мај | 0 | Координатор и Заменик координатор на ОСПДП<br><br>Раководител на Локален економски развој | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| те активности | Донесени заклучоци за реализиранит е активности и понатамошни чекори | Следење на текот на реализацијата на активностите | | | | |
| Потпишува ње на Договор со граѓанските организаци и за реализациј а на активности те | Датум на потпишување на договорите<br><br>Број на вклучени организации во Договорот<br><br>Број и опис на активности во склучените договори | Потпишани Договори<br><br>Започната соработка меѓу општината и граѓанските организации за реализација на активностите на ОСПДП<br><br>Подготвени и правно засновани договори кои овозможуваат доделување на средства, ресурси и одговорности<br><br>Зголемена ефикасност и отчетност при реализирање на предвидените активности | Декември 2025 | 0 | Одделение за правни работи при Општина Пробиштип<br><br>Кординатор и Заменик координатор на ОСПДП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на анкета во училиштата за ризични однесувања | Број на креирани и печатени анкетни листови<br><br>Број на училишта и број на опфатени ученици и професионални служби со анкетата<br><br>Број на пополнети анкетни листови | Идентификувани главни ризични фактори и групи на ученици со зголемен ризик<br><br>Подготвен извештај со препораки за превентивни мерки и активности | Февруари 2026 | 0 | Членови од Општински Совет за превенција на детско престапништво | |
| Презентација за алкохолизам, цигари, дрога и нивното штетно влијание | Број на училишта и број на паралелки опфатени со презентацијата<br><br>Број на ученици присутни на презентацијата<br><br>Записник/фотографии од одржаните активности | Подобрена информираност за здравствените, социјалните и правните последици од користење на овие супстанци<br><br>Поттикната мотивација за здрави животни избори и избегнување на ризични однесувања | Март 2026 | **500** мкд | Претседател на ОСПДП | |
| Презентација за Игри на среќа, скриените | Број на училишта и број на паралелки | Зголемена свесност кај учениците за ризиците од | Април | **7.000** мкд | Граѓанска организација избрана на Јавен Повик | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| опасности и негативните ефекти | опфатени со презентацијата<br><br>Број на ученици присутни на презентацијата<br><br>Записник/фотографии од одржаните активности | користење на услуги во коцкарници и игри на среќа<br><br>Подобрена информираност за скриените опасности и последици врз менталното здравје на коцкарниците и игрите на среќа<br><br>Поттикната критичка мисла и намалена подложност кон надворешни притисоци и реклами за користење на услугите на коцкарниците | | | | |
| Презентации за детско претсапништво и законски мерки и казни со илустрација преку реални примери | Број на училишта и број на паралелки опфатени со презентацијата<br><br>Број на ученици присутни на | Реализирани презентации за детско престапништво, законски мерки и казни во училиштата или целни групи | Март и Април 2026 | 0 | Член на ОСПДП од МВР Пробиштип-една презентација<br><br>Претседател на ОСПДП -една презентација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | презентацијата<br><br>Записник/фотографии од одржаните активности | Подлабоко разбирање на последиците од престапничко однесување преку реални примери од праксата | | | | |
| Безбедно користење на интернетот и препознавање на негативни содржини | Број на училишта и број на паралелки опфатени со презентацијата<br><br>Број на ученици присутни на презентацијата<br><br>Записник, фотографии од одржаните активности | Подобрено знаење и вештини за препознавање и избегнување на несоодветни, негативни и штетни интернет содржини<br><br>Способност за информирано и безбедно користење на дигитални технологии и социјални мрежи<br><br>Поттикната самозаштита и критичко размислување за онлајн активности | Февруари-Април | **7.000** мкд | Граѓанска организација изберена на Јавен повик | |
| Развивање емоционална интелигенција: | Број на училишта и број на паралелки опфатени со | Научени вештини и техники за смирување, регулирање и | Април-мај 2026 | **6.000** мкд | Граѓанска организација избрана на Јавен повик | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ефективно управување со лутина и бес | презентацијата<br><br>Број на ученици присутни на презентацијата<br><br>Записник/фотографии од одржаните активности | позитивно изразување на емоционалните реакции<br><br>Подобрена комуникација и намалување на конфликти во училишната средина и заедницата<br><br>Зголемена самоконтрола и отпорност на провокации и стресни ситуации<br><br>Развиена емпатија и подобрени односи со врсниците, наставниците и стручните служби | | | | |

Финансиските средства за граѓанските организации се предвидени во Програмата за Локален економски развој и заштита на животната средина врз основа на спроведен Јавен повик за предлог проекти на граѓанските организации. Комисијата за избор на граѓански организации со проекти релевантни за реализација на Програмата на ОСПДП ги селектираше Здружението на граѓани „Црвен Крст„ Пробиштип и Здружение на граѓани „ГРИТ„ Пробиштип.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Број 26-1101/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 374 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патишта („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24 и 193/25) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) на предлог на ОСБСП – Пробиштип Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 09.12.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСБСП ЗА 2026 ГОДИНА**
**бр.0201-112 од 28.11.2025 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип за 2026 година бр. 0201-1/2 од 28.11.2025 година.

2. Составен дел на оваа одлука е усвојува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип за 2026 година бр. 0201-1/2 од 28.11.2025 година

3. Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

**Број 26-1101/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**09.12.2025 година** **Претседател**
**Пробиштип** **Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на дена 09.12.2025 година ја донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

<table>
<tr><td colspan="2">ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ<br>2026 ГОДИНА</td></tr>
<tr><td>Град/Општина</td><td>ПРОБИШТИП</td></tr>
<tr><td>Вид на Програмата</td><td>хоризонтална</td></tr>
<tr><td>Правна основа</td><td>✓ Законски обврски<br>• Закон за локална самоуправа<br>• Закон за еднакви можности на жените и мажите<br>• Закон за спречување и заштита од дискриминација<br>• Закон за работни односи<br>✓ Обврски од Национални Стратегии<br>• Национална стратегија за родова еднаквост<br>• Стратегија за спречување и борба против семејно и родово базирано насилство<br>• Стратегија за социјална инклузија<br>• Национален акционен план за родова еднаквост</td></tr>
<tr><td>овед/ опис на Програмата</td><td>Програмата за еднакви можности на жените и мажите се изработува за да се постигне повисоко ниво на родова рамноправност на територијата на општината. Таа обезбедува промоција и заштита на еднаквите можности, спречување на родовата дискриминација и родово базираното насилство, како и унапредување на условите за активно учество на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот. Значаен аспект на програмата е вклучувањето на ранливите и маргинализирани групи, овозможувајќи нивно активно учество во локалните политики и обезбедувајќи подеднаков пристап до услуги, образование, здравствена заштита и економски можности.<br>Општина Пробиштип и Комисијата за еднакви можности континуирано работат на унапредување на состојбата преку реализирање на стратешките цели на Законот за еднакви можности</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | и интеграција на родовата перспектива во локалните програми и политики.<br><br>Важен дел од Програмата за еднакви можности на мажите и жените е родово одговорното буџетирање (РОБ), односно интегрирање на родовата перспектива во планирањето и спроведувањето на буџетот. Ова обезбедува јавните средства да се распределуваат така што ја поттикнуваат родовата рамноправност, имајќи ги во предвид подеднакво жените и мажите, а особено ранливите категории: невработени жени, етнички малцинства, лица со попреченост, самохрани родители, деца од ранливи категории, лица од рурални средини и други социјално загрозени групи.<br>Предлог Пограмата ги опфаќа обврските, механизмите и инструментите преку кои општината ги промовира и заштитува еднаквите можности за сите жители, како и одржлива интеграција на родовата перспектива во локалните политики и практики.<br>За постигнување на целите на Програмата, Општина Пробиштип ќе ја продолжи соработката со UN Women, согласно потпишаниот Меморандум за разбирање во претходната години. Имено, општината е меѓу десетте нови општини вклучени во програмата на ова тело за обука и менторство за еднаквост меѓу мажите и жените, со обезбедување техничка и експертска поддршка. Во изминатата година од порпишувањето на Договорот со UN Women посетени се неколку обуки во кои учествуваат вработените од општинската администрација. |
| роцес на донесување на Програмата или идентификување на точки за подобрување | Нацрт Програмата за еднакви можности на мажите и жените се разгледува од страна на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) и Координаторот за родова еднаквост од редовите на општинската администрација, по консултациите со Раководителот на одделението за јавни дејности и Кабинетот на Градоначалникот. Се вршат корекции и дополнувања согласно пристигнатите сугестии и препораки и се оформува финалната верзија на овој документ. Потоа се презентира пред Советот на општината и се усвојува. Програмата се објавува во Службен гласник и на веб страната на општината.<br>Со предлог програмата, се предвидуваат следните точки на подобрување: |

| | |
|---|---|
